**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

од Шеснаесеттата седница на Собранието на
Република Македонија, одржана на
17 април 2003 година

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 10,10 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше г. Никола Поповски, претседател на Собранието.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дами и господа пратеници,

Ја отворам Шеснаесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Сашко Кедев, Љубчо Георгиевски, Петар Наумовски, Љибе Бошковски, Коце Трајановски, Драган Георгиев, Ванчо Георгиев и Али Ахмети, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствува мнозинството пратеници и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети Претседателот на Република Македонија и претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Записниците од 11-та, 12-та и 15-та седница на Собранието на Република Македонија ви се доставени.

Дали некој од пратениците има забелешка на записниците? (Нема).

Бидејќи никој нема забелешка на записниците, констатирам дека записниците од 11-та, 12-та и 15-та седница на Собранието на Република Македонија се усвоени без забелешки.

Владата на Република Македонија предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законости, со Предлогот на законот ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи итната и неодложна потреба Предлогот на законот да биде разгледан на оваа седница.

Има збор господинот Илија Филиповски, министер за економија.

ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:

Почитуван претседател, почитувани пратеници,

Трансформацијата на претпријатијата со општествен капитал трае веќе 12 години и Владата се определи да предложи закон, со кој ќе се забрза овој процес на приватизација, за да заврши до крајот на годината.

Од тие причини, молам да биде прифатен предлогот на Владата законот да биде ставен на дневен ред на денешната седница.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Предлогот на Владата Предлогот на законот да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

(По гласањето).

Гласале 65 пратеници, 51 за, 5 воздржано и 9 против.

Констатирам  дека предлогот на Валдата е усвоен.

Владата на Република Македонија  предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за санација и реконструкција на дел од банките во Република Македонија, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со Предлог на закон ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи итната и неодложна потреба Предлогот на законот да биде разгледан на оваа седница.

Има збор господинот Илија Филиповски, министер за економија.

ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Причината за предлагањето на овој закон е истата како и за претходниот закон, но во случајот се работи за побарувањата кои ги има Агенцијата за управувањето со средствата и тие се ставаат на берза на продажба во истиот процес како што ќе бидат и акциите за продажба на акциите на претпријатијата.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Предлогот на Владата Предлогот на закон да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

(По гласањето).

Гласале 74 пратеници, 56 за, 2 воздржано и 16 против.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Пратениците Жарко Караџоски, Блажо Стојановски и Ѓорѓи Оровчанец предлагаат дневниот ред на оваа седница да се дополни со Информација за состојбите со производството и откупот на тутунот од реколтата 2002 година во Република Македонија, изготвена од Владата на Република Македонија.

Информацијата ви е доставена.

Молам еден од предлагачите да ја образложи итната и неодложна потреба Информацијата да биде разгледана на оваа седница.

Има збор господинот Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Мислам дека состојбата со откупот на тутунот на сите ни е позната. Оваа година откупот на реколтата 2002 година навистина навлезе во кризна година, што со откупувањето на количините на тутунот, што со самата исплата на тутунопроизводителите, како и со цената која се нуди и исплатува.

Имајќи предвид дека откупот на тутунот, поточно тутунот претставува стратешки производ, а сепак е како една социјална компомента на сите оние кои го произведиваат, а имајќи предвид дека се ближат Велигденските празници, но во многу откупни пунктови во многу градови сеуште не е отпочната исплатата на тутунот, како и последните настани односно реакции кои тутунопроизводителите почнаа да ги изразуваат со протести пред откупните претпријатија, како и со барања до Владата да се изнајде начин и средства како да се реши тој проблем, сметам дека на оваа седница е потребно Собранието да расправа, за да може со свои заклучоци да даде придонес кон остварување односно решавање на овој горлив проблем.

Би ги замолил пратениците, со оглед на тоа што самата Информација ја баравеме пред два месеци, Владата ја достави сега на една од нејзините седници, со оглед дека е информација од Владата, што значи дека тука ќе имаме и

претставник од Владата, со една добронамерна дискусија и со можност да слушнее што предлагаат претставниците на Владата во однос на овие проблеми кои секојдневно ескалираат, со едни заклучоци на некој начин да упатиме и да сугерираме на решението во однос на овој проблем.

Заради тоа би сугерирал пратениците да го поддржат ова барање оваа точка да се ставни на дневен ред.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Предлогот на пратениците Информацијата да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

(По гласањето).

Гласале 79 пратеници, 70 гласале за, 3 воздржано и 6 против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог на одлука за избор на претседател и членови на Анкетната комисија за испитување на презентираните видеоматеријали и другите податоци од ВМРО-ДПМНЕ и на целокупните видеоматеријали, други податоци и службени документи од испрашувањето на Петрит Аме, со кои располага Министерството за внатрешни работи.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Го молам претседателот на Комисијата да ја образложи итната и неодложна потреба Предлогот на одлуката да биде разгледан на оваа седница.

Има збор господинот Љупчо Јордановски.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Итноста произлегува од потребата за ефикасност. Веќе на првата наредна седница Комисијата го избра персоналниот состав и предлага на Собранието на својата прва наредна седница, а тоа е денешната, тој состав да биде избран.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Предлогот на Комисијата Предлогот на одлуката да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

(По гласањето).

Гласале 78 пратеници, 74 за и 4 воздржано.

Констатирам дека предлогот на комисијата е усвоен.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата го повлече Предлогот на одлуката за избор на членови на Управниот одбор на ЈЗО Природно лекувалиште “Дебарски бањи” - Дебар.

Според тоа, за денешната седница го предлагам следниот

ДНЕВЕН РЕД:

1. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за надворешно трговско работење, со Предлог на закон;

2. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за хартии од вредност, со Предлог на закон;

3. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за експропријација, со Предлог на закон;

4. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за државната ревизија, со Предлог на закон;

5. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, со Предлог на закон;

6. Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за санација и реконструкција на дел од банките во Република Македонија, со Предлог на закон;

7. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за угостителската и туристичката дејност, со Предлог на закон;

8. Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за здравственото осигурување, со Предлог на закон;

9. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за патните исправи на државјаните на Република Македонија, со Предлог на закон;

10. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за празниците на Република Македонија , со Предлог на закон;

11. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Република Македонија и Република Бугарија за социјално осигурување, со Предлог на закон;

12. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Белорусија за трговска и економска соработка, со Предлог на закон;

13. Предлог за донесување на закон за ратификација на Конзуларна конвенција меѓу Република Македонија и Руската Федерација, со Предлог на закон;

14. Предлог за донесување на закон за Народниот правобранител;

15. Предлог на одлука за избор на претседател и членови на Анкетната комисија за испитување на презентираните видео материјали и другите податоци од ВМРО-ДПМНЕ и на целокупните видео материјали, други податоци и службени документи од испрашувањето на Петрит Аме со кои располага Министерството за внатрешни работи;

16. Предлог на одлука за изменување и дополнвуање на Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија;

17. Предлог на одлука за надоместок на трошоците на организаторите на изборната кампања од чии листи на кандидати се избрани пратеници во Собранието на Република Македонија;

18. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Завод за здравствена заштита - Битола;

19. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Завод за здравствена заштита- Куманово;

20. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Завод за здравствена заштита- Велес;

21. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар-Гевгелија;

22. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар- Кавадарци;

23. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар- Кочани;

24. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Психијатриска болница “Скопје” - Скопје;

25. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Специјална болница за белодробни заболувања и туберкулоза “Јасеново” - Велес;

26. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Природно лекувалиште “Негорски бањи”-Гевгелија;

27. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Аптека “30 Ноември” - Дебар;

28. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Градска аптека “7 Ноември” - Гевгелија;

29. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом - Вевчани;

30. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на наградата “11 Октомври”;

31. Предлог на одлука за разрешување на член на Советот за радиодифузија;

32. Информација за состојбите со производството и откупот на тутунот од реколтата 2002 година во Република Македонија.

Дали има предлог за изменување на предложениот дневен ред?

Има збор господинот Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, јас би замолил, во интерес на производителите и во интерес на градот од каде што доаЃам, со оглед дека во него во последниве денови се случуваат масовни протести, кои моментално се во мирување, заради фактот што тутунопроизводителите од градот од кој доаѓам прифатија тој штрајк да го стават во мирување само заради оваа точка, а и другите најавени мерки кои Владата ги планира, да биде разгледана на денешниов ден, поточно, да излезат некакви конкретни заклучоци кои тие би ги слушнале. Заради тоа сметам како точка 32 денес воопшто не ќе можеме да отвориме претрес по оваа информација, па јас би предложил ако неможе да биде прва тока, нека биде меѓу првите пет точки, доколку се согласиме, или во секој случај да биде некаде понапред, како би можеле денес да отвориме расправа по оваа точка, за да не се случи да ја одлагаме, со оглед дека имаме многу точки на дневен ред. Значи, мојот предлог е Информацијата да биде прва точка или меѓу првите пет.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Го ставам на гласање предлогот на господинот Караџоски точката да биде или прва или меѓу првите пет точки. Тоа ли е предлогот?

(Реакција).

Формулирајте го предлогот, сега јас неможам ваш предлог да формулирам - меѓу првите пет точки.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Добро, претседателе. Јас сакав само да бидам конструктивен. Очекував дека некој од другите пратенички групи ќе се јави да каже дали дава поддршка или не. Меѓутоа, ако мораме така да работиме, јас предлагам да биде прва точка со оглед на важноста на целата оваа работа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Предлогот на господинот Караџоски точката 32 да се разгледува како точка 1 го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

(По гласањето).

Гласале 72 пратеници, за гласале 23.

Констатирам дека предлогот не е прифатен.

Дали некој друг бара збор?

Има збор госпоѓата Роза Топузова-Каревска.

РОЗА ТОПУЗОВА-КАРЕВСКА:

Јас се извинувам, можеби требаше пред тоа ова да го кажам, но настана мало недоразбирање. Сигурно дека состојбата во Прилеп е многу драматична токму поради кризата која што настапи со тутунопроизводителите, но не е вистина дека тутунопроизводителите се повлекле токму преди тоа што денес ќе се расправа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ќе ве молам, гласавме за таа точка.

РОЗА ТОПУЗОВА-КАРЕВСКА:

Само толку, тоа требаше да се каже.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ве молам, гласавме за таа точка, не може да расправаме.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

(По гласањето).

Гласале 79 пратеници, 65 пратеници гласале за, 6 воздржано и против 8.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

**Преминуваме на првата точка од дневниот ред - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за надворешно трговско работење, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и Извештајот на Законодавно-правната комисија ви се доставени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор госпоѓа Благородна Мингова-Крепиева.

БЛАГОРОДНА МИНГОВА-КРЕПИЕВА:

Почитуван претседателе, почитуван министер, почитувани колеги пратеници,

Пратеничката група на СДСМ ќе го поддржи Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за надворешно трговско работење, кој денес се наоѓа на дневен ред, а определбата за ваквиот став ја наоѓаме во фактот дека бришењето на членот 8, дополнувањата на членот 18 и измените во членот 57-б од овој закон се постигнуваат неколку цели.

Имено, стопанските субјекти на овој начин многу поедноставно ќе ги остваруваат работите на посредувањето во надворешно трговското работење, кое досега беше врзано со добивање на одобрение од Министерството за економија, што се покажа како непотребно администрирање, а и можност за дискриминација на стопанските субјекти. Потоа, ќе се постигне сите стопански субјекти да бидат ставени во иста позиција да ги остваруваат своите права. Да потсетам само дека ова се однесува на стопанските субјекти кои увезуваат суровини за доработка и можноста, па и присутната практика во изминатиот период одреден дел од тие производи да останува во цземјата, со што се поддржуваше сивата економија.

Исто така, ова значи усогласување и со правилата на Светската трговска организација, кои ги усвоивме и постапување подеднаква позиција како на домашните така и на странските стопански субјекти.

Морам да кажам дека е добро што при изработката на овие измени и дополнувања беше консултирана и вклучена Стопанската комора, на која еден дел Владата и отстапува како можност за распределба на квотите, особено за текстилните производи, потоа беа вклучени и банките. Но на крајот да укажам дека главната одговорност за спроведување на овој закон сепак ја има Царинската

управа на Република Македонија, од чие работење ќе зависи и степенот на сузбивање на сивата економија, која во извесна смисла беше овозможена и со недоследното почитување токму на законот, на членот 8 кој сега се брише од законот.

Од овие причини пратеничката група на СДСМ ќе го поддржи донесувањето на измените и дополнувањата на Законот за надворешно трговско работење.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г-динот Јашари.

АДНАН ЈАШАРИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници претставници на Владата.

Знаеме дека сферата на надворешно трговското работење, со осамостојувањето на РМ е уредено со Законот за надворешно-трговско работење во 1993 година, За мене тоа е еден нов закон кој според содржината е многу помал со оглед на тоа што од сфератана овој закон е пренесена индустриската сопственост и принципот ноу хау. Законот што е на сила со еден член предвидува две активности воврска со увозот и извозот, што во пракса, најпрвин економските субјекти имале можност слободно да купуваат стока надвор од земјата, значи да ја увезуваат и повторно да ја извезуваат, а во овој случај се работи за суровини и репроматеријали кои се наменети за нивна понатамошна преработка и нивно повторно извезување. Увезувачот е ослободен од царина, доколку тој увезувач кажал дека тие стоки мју се наменети за извоз. Искористувајќи го тоа право многу економски субјекти направила злоупотреба со оглед на тоа што стоките не се извесувани туку тие се продавани на територијата на РМ, наспроти фактот што немале документација за продажба на триторијата на Македонија.

Со дадените предлози во Предлог законот, сите субјекти доаѓаат односно се доведуваат во еднаква позиција, со оглед на тоа што со увозот се одврзани да ја платат царината во зогласност со Законот за царини.

Второ, одредените економски субјекти, врз база на одредбите од Законот кој е на сила, имале можност купената стока надвор да ја продаваат на трета земја. Значи, овие стоки биле транзитни низ територијата на Македонија.Сепак, и за реализација на овие активности претходно била потребна од Одлука на Министерството за економија.

Во согласност со дадените предлози во Предлог законот за кој станува збор, увозот на стоките за преработка и повторно за време на извозот, сите економски

субјекти ќе имаат право да го бараат враќањето на платената царина за стоката која се извезува.

Мислам дека овие мерки се мерки кои ќе овозможат надамошна либерализација на односите во сферата на надворешно-трговското работење, што ние како парламентарна група ќе ги поддржиме и ќе гласаме за дадените предлози во Законот за надворешно трговско работење.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Биодејќи никој повеќе не бара збор го заклучувам претреот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за надворешно трговско работење.

Ве молам да гласаме.

Гласале 75 пратеници, 72 за, и 3 воздржани.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве молам да гласаме.

Гласале 79 пратеници, 73 за, 4 воздржани и 2 против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам претрес по Текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 2 став 1, и за менување на член 3.

Пратеникот Јанки Макрадули поднесе амандман за додавање нов член 1-а по член 1, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 2 став 1 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Илија Филиповски, министер за економија.

ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот  се прифаќа и тој станува составен дел на Законот.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 3 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот е прифатен и тој станува составен дел на законот.

Отворам претрес поо амандманот за додавање нов член 1-а по членот 1 поднесен од пратеникот Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот е прифатен и тој станува составен дел на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на Законот.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по тексетот на Законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 76 пратеници, за 70, 5 воздржани и 1 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за надворешно-трговско работење.

С оглед на тоа што сум известен од Владата дека очекуваме амандман по законот за хартии од вредност, предлагам втората точка да ја разгледаме во оној момент кога Владата ќе го достави амандманот а во меѓувреме предлагам да продолжиме по третата точка од дневниот ред.

**Преминуваме на третата точка од дненвиот ред. - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за експропријација, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на Законот зо Предлогот на закон и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на Законот.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок.

Собранито го усвојува Предлогот за донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за експропријација.

Молам да гласаме.

Гласале 73 пратеници, за гласале 69 и 4 воздржани.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа Молам да гласаме.

Гласале 69 пратеници, за гласале 66, 2 воздржани. и 1 против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на Закон.

ЗПК поднесе амандмани на член 2, член 3 и член 4.

Пратеникот Зиди Џелили поднесе амандман за додавање нов член 2-а по членот 2, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот по член 2 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Димко Кокаровски, заменик на министерот за финансии.

ДИМКО КОКАРОСКИ:

Амандманот се прифаќа..

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот се прифаќа и тој станува составен дел на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 поднесен од ЗПК.

И со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ДИМКО КОКАРОСКИ:

Амандманот се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот се прифаќа и тој станува составен дел на Предлогот.

Отворам претрес по амандманот на член 4 поднесен од ЗПК.

И со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ДИМКО КОКАРОСКИ:

Амандманот се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот се прифаќа и тој станува составен дел на Предлогот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 2-а по членот 2, поднесен од пратеникот Зиди Џелили.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ДИМКО КОКАРОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали некој друг бара збор.

ЗИДИ ЏЕЛИЛИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Со образложението што го дадов објаснувам еден проблем кој во практика многу често се случува и мислам дека е пречка за реализација на урбанистичкиот план. Бидејќи јас бев раководител на една општина мислам дека имам потреба да се поддржи овој амандман бидејќи компензацијата за експропријација на земјиштето кое е одредено како општествен интерес, кога станува збор за изградба на патишта, паркинзи, плоштади, мали улички, е многу висока и затоа не можат да се реализираат урбанистичките планови. Мислам дека пратениците ќе го поддржат тоа бидејќи имаме потреба за организирани градови со порегулирана инфрасструктура.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој повеќе не бара збор, го заклужувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање..

Молам да гласаме.

Гласале 72 пратеници, за гласале 24.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање нов член 2-а по членот 2, поднесен од пратеникот Зиди Џелили.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор. (Никој)

бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

Гласале 74 пратеници, 66 за, 6 воздржани и 2 против.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување и дополнување на Законот за експропријација.

**Преминуваме на четвртата точка од дневивот ред - Предлот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за државната ревизија, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на закон со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои слендиот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за државна ревизија.

Молам, да гласаме.

Гласале 72 пратеници, 65 за, и 7 воздржани.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

Гласале 70 пратеници, 63 за, 6  воздржани и 1 против.

Консттирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

По овој закон немаме амандмани.

Дали некој бара збор по текстот на законот? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на глаасње.

Молам, да гласаме.

Гласале 71 пратеник 65 гласале за, 4 воздржани, и 2 против.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување и дополнување на Законот за државната ревизија.

**Преминуваме на петтата точка од дневниот ред - Предлог за донесување на закон за изменуање и дополнување на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со предлог на закон е доставен.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на Закон.

Воведно излагање по Законот ќе ни поднесе министерот за економија г-динот Илија Филиповски.

ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувнаи пратеници, колеги министри,

Предложените измени и дополни на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, исто така и Законот за санација и реконструкција на дел од банките во Република Македонија , Владата на Република Македонија до Собранието на Република Македонија ги предлага како пакет на закони.

Ова се предлага поради меѓусебната поврзаност на овие два закони односно предлагањето на истоветни принципи во продажба на општествениот и државниот капиатл и продажбата на побарувањата во друштвата во кои се врши продажба на тие акции и удели.

Како потсетување, процесот на приватизацијата во Република Македонија започна уште од 1989 година со донесувањето на Законот за општествен капитал популарно наречен Закон на Марковиќ. Согласно овој Закон во Република Македонија е приватизирано 33,5% од општествениот капитал. Забрзувањето и интензивирањето на овој процес продолжи со донесувањето на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал во 1993 година кој, пред се, ги опфати претпријатијата во т.н. комерцијален сектор на макеоднската економија така што ова прашање сврзано со приватизацијата во Република Македонија може да се каже дека трае веќе 12 години.

Според добиените податоци од Агенцијата за приватизација, приватизацијата во овој сектор во голема мера е завршена така што и основната цел на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, номинирање на сопственикот на капиталот е постигнат 71,7% од вкупниот општествен капитал е номиниран во приватна сопственост 5,4% е во сопственост на ПИОМ и 20,7% во сопственост на државата односно  Агенцијата.

Како неприватизирани од овој сектор останати се уште 84 претпријатија од вкупно 1700 претпријатија, 1250 не земјоделски се приватизирани 450 земјоделски претпријатија.

Тргнувајки од ваквите податоци, а притоа да се земе во предвид и преголемата исцрпувачка должина на процесот на приватизација неминовно станува јасна потребата од предлагањето на решениајта во функција на брзо завршување на приватизацијата. Тоа се пред се акциите и уделите  издадени на државата односно

на Агенцијата согласно Законто за трансформација на претпријатијата со општествен капитал и акциите односно уделите издадени по основ на Законот за приватизација на државнито капитал.

Заокружување односно завршување на приватизацијата би отворило простор на државата вниманието и напорите да ги фокусира на постприватизациониот период односно другите поважни прашања поврзани со конкурентноста на македонската економија и зголемвуањето на економскиот раст и извозот.

Што се однесвуа до содржината на предложените измени и дополнувања со истите се нудат решенија со кои се предлага продажбата на акциите и уделите издадени на државата и Агенцијата по правило да се продаваат по пат на јавна берзанска аукција без никакво влијание од страна на Владата или било кој член од Владата, бидејки продажбата ќе се врши по аукциски пат, државата ќе нема свој брокер и продажбата ќе биде по електронски пат, значи, пазарот е тој кој ќе ја определи цената на акциите кои се продаваат.

Промената ќе се врши на берза со почетна минимална цена од 10% од номиналната вредност на акциите и уделит еосвен во случаи кога анализата на економските параметри упатува на повисока пазарна цена, а тоа треба да го утврдат врз основа на економските параметри Управниот одбор на Агенцијата за приватизација.

Се предлага овој процес, односно продажбата на акциите и уделите на државата да трае до 31 декември 2003 година по што непродадените акции и удели ќе преминат на Фондот за ПИО, а деловните средства со кои располага Агенцијата заедно со правата и обврските од член 89-а од Законот да се пренесат на Јавното претпријатие за стопанисување со стамбен и делвоен простор на Република Македонија .

Со изменит еи дополнувањата се предлага и престанување на Агенцијата на Република Македонија за приватизација заклучно со 31 март 2004 година, па следствено на тоа ќе дадеме решенија за преминвување на дел од преостанатите односно довршување на одделни работи од надлежност на Агенцијата на Фондот за ПИО, Јавното претпријатие за стопанисување со стамбен и деловен простор на Република Македонија , Министерството за финансии и Министерството за економија.

Со предложениот закон се предвидув аи пренесување на имотот , опремата, средствата, архивата и документацијата  со соодветно преминување на одделни работи на Фондот за ПИО Јавното претпријатие за стопанисување со стамбен и

деловен простор на Република Македонија , Министерството за финансии и Министерството за економија при што за спроведвување на ова предложено решение се предвидува формирање на комисија од страна на Владата на Република Македонија за изготвување на делбен биланс на Агенцијата.

Почитувани пратеници, заокружувањето и забрзувањето на процесот на приватизација на државниот и општествениот капитал, а со тоа и завршувањето на една долга и исцрпна постапка односно ориентирање на државата кон решавање на економските прашања сврзани со постприватизациониот период е еден од битните предуслови за развојот на Република Македонија .

Понудените текстови на закони што се разгледуваат на оваа седница нудат решенија за забрзување и заокружување на приватизацијата на општествениот и државнито капитал од кои причини предлагаме овие предложени законски текстови да бидат донесени од страна на Собранието. Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам на господинот министер.

Има збор госпоѓа Ристана Лалчевкса.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Почитуван претседателе, колешки, колеги пратеници, претставници на Владата,

Сите во Македонија се свесни дека процесот на трансформација на претпријатијата со општествен капитал трае подолго и треба да се заврши што побргу. Но, исто така треба да се има во предвид и начинот на кој таа постапка ќе се забрза како би можело да биде што поефикасно и со што помалку грешки кои во овој процес се неминовни.

Генерално, предлогот што е пред пратениците ја оправдува својата цел. Но, има голем број недостатоци кои би требало да се исправат. Затоа воопшто не е потребно да се брза со измени на овој закон ниту нешто е толку итно да мора да се расправа на брзина.

Потребно ни е квалитетно решение пред се. Во овој сегмент се направени грешки кои се провлеквуаат, па немојте да дозволиме и овој пат да ни се провлечат грешки.

Имено, Владата неколку пати најави дека ќе се затворат одредени агенции, дирекции и други институции што ќе продуцира зголемвување на невработеноста, а

во исто време откажување на државата од компетентни и стручни луѓе кои работеле во различни области. Така на пример ќе се затвори Агенцијата за развој на мали и средни претпријатија, а во исто време се заговара отворање на нова агенција, ако што е Македонската агенција за подршка на претприемаштвото за која веќе има Одлука на Владата.

Во најава е формриање на Агенција за подршка на извозот, а исто така се навестува формирање на инвестициони фондови што значи сепак ќе се формираат институции кои ќе бидат пандан на оние кои, по мислење на владеачкаа гарнитура, треба да се затворат. Тогаш се прашувам зошто едни агенции и институции затвораме, а отвораме исти или слични такви кои ќе ја вршат истата функција. Дали всушност ова значи дека Владата сака само да се ослободи од вработените во овие институции и повторно да отвори слични на нив.

Со затворањето на Агенцијата за приватизација на Република Македонија воопшто не значи дека процесот на приватизација овде ќе запре. Се поставува прашањето кој ќе го продолжи веќе започнатиот процес на трансформација на разни јавни претпријатија, институции, заводи, студентски и други домови и т.н., затоа што сите добро знаеме дека ова не е завршено.

Дали со ова се сака да се тргне целиот процес на проценка и трансформација на тие институции од капата на државата за да може истото тоа да го изработуваат одредени консултански овластени проценители кои , по мое мислење, многу би ја чинеле државата.

Затоа сум против овие измени да се направат вака како што се предложени. Ви благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Господинот Ѓорчев има збор.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, почитувани претставници на Владата, господа министри на Република Македонија

Законот за трансформација на претпријатиајта со општествен капитал, Законот за трансформација на претпријатиајта кои стопанисуваат со земјоделско земјиште беа трите основни стожери заедно со пренесените обврски особено по член 4 од Законот за трансформација кој беше донесен уште од СФР Југославија од

страна на тогаШниот премиер Анте Марковиќ преку кој се одвиваше процесот на приватизација во сегашниот временски период на самостојна, суверена и независна Република Македонија .

Предложените решенија на измена и дополнување на Законот за трансформација на општествениот капитал по мое длабоко убедување значат не само што не значат забрзување на процесот на приватизација, туку значат повторно враќање на подржавување на она што би рекол остана не приватизирано како дел од општествениот капитал и дел од државниот капитал и дел на капиталот со кој стопанисуваат претпријатијата во агро комплексот.

Агенцијата за приватизација на Република Македонија со начинот на своето работење независно во која политичка констелација работела, независно од самиот почеток на работа на Агенцијата, од самиот почеток на остручување на луѓето кои од Република Македонија преку Владата на Република Македонија беа праќани надвор од земјата за доостручување, за следење на процесот на приватизација во САД, Австралија, Голема Британија односно целиот процес на проценка на капитал, целиот процес на изведување на тој круцијален момент на трансформација на производниот однос во Република Македонија во капиталистички производен однос и тие луѓе навистина во овој период од 1993 година кога почна Агенцијата на некој начин со своето формирање до ден денес навистина си ја обавуваат работата на анчин кој претставува егземплар на професионално вршење на работите со потврда на експертите кои се присутни во Република Македонија од ММФ и на експертите од Светската банка.

Тоа значи дека на ваков начин предлагање за укинување на Агенцијата за приватизација и решавање на проблемот со опремата, средствата, вработените и нивно прераспоредување на начин како е предвидено во фондовите на Република Македонија , разни фондови, во јавни претпријатија, министерства на некој начин значи девалвација на целокупниот труд на тие луѓе од професионален , стручен и етички аспект кој го имаат вложено во целокупниот процес на трансформација на капиталот во Република Македонија  односно трансформација на сопственоста во целина.

Моделот на брза приватизација во Република Македонија , бидејќи не може да има брза приватизација затоа што таа почна 1993 година по еден терк, по еден Закон кој во основа требаше да фаворизира доминантен сопственик односно требаше да фаворизира познат купувач, а се претвори во модел инсајдерско приватизирање во Република Македонија со многубројни малцисннки акционери над

200 илјади граѓани на Република Македонија имаат малцински акции и начин на приватизација кој во проценти најповеЌе го застапуваШе моделот купување на претпријатието од страна на вработените, а втор момент беше купување на претпријатието од стран ана менаџерските тимови. Во секој случај нашата приватизација отвори еден голем корпус на прашања и тоа три големи прашања:

Што со малцинските акционери?

Што со капиталот кој е под 51% во сопственост на државата, капитал на земјоделскит епретпријатија кои стопанисуваат со земјоделско земјиште и , трето, на каков начин ќе успееме да го завршиме процесот на приватизацијата?

Длабоко сум убеден дека овој начин на враќање на непродадените акции и удели во фондовит ена Република Македонија значи подржавување , а не завршување на процесот на приватизација.

За да се донесе квалиттно и вистинско решение постојат модели во светот и луѓето во Агенцијата за приватизација ги имаат напишано тие модели, ги имаат оставено таму во долга низа на раководење почнувајки од првиот состав на Агенцијата за приватизација од 1993 година до денешен ден. Моделот на завршувањето на приватизацијата е моделот на трансформацијата на Агенцијата за приватизација во инвестиционен фонд независно во кој облик ќе биде тој инвестиционен фонд, меѓутоа, факт е дека целокупната опрема, средствата, вработените природно се трасферираат од Агенциајта за приватизација во инвестиционен фонд, кој ќе имаповторно три крупни задачи.

Прва задача Ќе биде инвестициониот фонд да може да ги обедини сите пакети на акции и удели особено малцинските акционери кои денеска немаат претстава што е тоа имање на 18 или 5 акции од Комерцијална банка или неколку акции од “Охис” или неколку акции од “Скопски Пазар”, меѓутоа, преку инвестициониот фонд кој ќе има служби, кој ќе има инструменти, кој ќе има механизми сите тие малцински пакети на акции од 200 илјади граѓани во Република Македонија да ги обедини и на таков начин да биде таа трансмисија, таа полуга која подоцна преку берзански трансакции ќе им овозможи на граѓаните на Република Македонија да имаат алтернатива во делот на она што значи стекнвување на одредена добивка од тоа што го поседуваат како акција, а денеска на некој начин прво им е нетранспарентно што го прават, немаат сознание што да прават со тие акции.

Второ, не знаат на кој начин да ги продадат и

Трето, нема механизам кој би ги окрупнил тие акции.

Втората задача на инвестициониот фонд ќе биде да ги обедини сите пакети на акции и тоа во општествениот капитал, во државниот капитал и малцинските акционери, граѓаните на Република Македонија и пакети на акции на оние кои останале под 51% во претпријатијата кои стопанисуваат со земјоделско земјиште.

На таков начин тој инвестиционен фонд дали ќе биде прво под капата на државата, дали потоа ќе биде понуден на големит еинвестициони фондови во светот на пример Агенцијата за приватизација уште од 1995 година преговара со Оверсис и месниот фонд од Канада, еден прочуен инвестиционен фонд кој може на многу поволен начин и благотворен начин на граѓаните на Република Македонија да им овозможи токму она што се цели сега со овој закон, а тоа е брзо и успешно завршување на процесот на приватизација во Република Македонија .

Ттука сметам и упатувам замолница до Владата на Република Македонија , до предлагачот да ги повлече овие измени и дополни на Законот за приватизација односно за трансформација на претпријатијата со општествен капитал затоа што, уште еднаш ќе повторам тоа не е вистинско решение, тоа не овозможува завршување на процесот на приватизација, тукунапротив значи повторно подржавување и враќање на некои ингеренции на државата од кои сакаме да се ослободиме, а и да ги пренесеме преку она што значи акционерство, што значи партиципација на акционерството на граѓаните на Република Македонија кои на ваков начин не ќе можат своите малцински акционерски пакети да ги претворат во она што значи живеачка за сите граѓани во Република Македонија .

Се надевам, доколку се оствари навистина констуктивен и вистински дијалог со луѓето од Агенцијата , таму има луѓе кои и ден денес работат, луѓе кои беа во Агенцијата , па се вратија, независно од која политичка поставеност, тие си ја знаат работата, тие ги имаат проектите за инвестициони фондови, тие ги имаат сите измени и дополни како треба да изгледа законот за измена и дополна на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал и на таков начин ќе се овозможи навистина реална и брза разрешница на целиот процес на приватизација.

Уште еднаш почитувани пратеници доколку Владата остане на овој предлог би апелирал да се има сенс, да се почитува еснафот, да се почитува струката, да се почитува тоа што значи респект кон сите тие луѓе кои целито тој труд , целото тоа акомулирано знаење што државата и ние сме ги вложиле во тие луѓе , ќе остане некаде расфрлано по разни фондови, по разни минситерства бесцелно и нема да

знасчи позитивно завршување на овој многу важен процес во Република Македонија . Ви благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Има збор г. Илија Филиповски.

ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, колеги министри,

Јас реков на самиот почеток дека овој процес е долг и овој процес ја чини државата прилично многу. Едни проценки се дека Агенцијата за приватизација, годишниот буџет изнесува околу 2,5 милиони евра. Доаѓа период кога веќе Агенцијата не може од продажба да си ги алиментира потребите за самоодржување. Значи, не е проблемот до вработените што се таму. Таму, апсолутно има многу квалификувани луѓе кои се потребни и тие луѓе ќе бидат прифатени во институциите на системот за она за што се способни да ја работат работата.

Што се однесува до Инвестициониот фонд, тој беше под сериозно анализирање во Министерството за економија, во Владата. Таков проект е направен уште 1997-1998 година, повторно во текот на минатата година Агинцијата го има обновено тој проект. Меѓутоа основното прашање е прашањето на портфолиото на Агенцијата. Значи, ние мора да се сретнеме со вистината каква е, тоа значи дека потфолиото на Агенцијата не обезбедува формирање на инвестициони фондови во овој момент. Или, тоа би значело да се земаат акции од претпријатијата како Телеком, Електростопанство и други и да се помешаат со овој дел на акции што би направиле, да речам, од две добра три лоши работи. Значи, апсолутно го гледавме цел систем како да го унапредиме.

Второ, мислиме дека со продажбата на акциите, бидејќи некаде околу 38,4% од акциите се малцински акции во претпријатијата, со продажбата на овие акции ќе може да се изврши и концентрација на дел од акциите да може да се создаде, да речам, лидер кој би можел да влијае во одлучувањето во економската политика на претпријатијата.

Така што, навистина ги имавме сите аспекти од досегашното искуство и тргнавме од тоа што навистина е потребно во овој момент да се направи.

Ние имаме некаде околу 700 претставници на државниот капитал по претпријатијата. Навистина, еден баласт што не придонесува само за унапредувањето на работата претпријатијата, што значи и одредено закочување. Во

тој правец треба да се ослободиме и претпријатијата да работат самостојно, секој секако од нив би направил тоа што е најдобро ако тоа е приватизирано. Државата е полош стопанственик од тоа што значи приватен сектор.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 69 пратеници, 45 за, 4 воздржани и 20 против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот?

Ве молам, да гласаме.

Ги молам пратениците кои се излезени од салата да влезат.

Гласале 70 пратеници, 48 за, 2 воздржани и 20 против.

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Никола Камчев и Коста Прешоски поднесоа амандман на член 6 став 7 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Стојан Андов, Зоран Крстевски и Ристана Лалчевска поднесоа амандмани за бришење на членот 3, за бришење на членовите 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15, 16 и 17, амандман на член 8 став 1 и 2, на член 12 и на член 13 став 3 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандман на член 6 став 7 поднесен од пратениците Никола Камчев и Коста Прешоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г. Филиповски, министер за економија.

ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот се прифаќа и станува составен дел на предлогот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 3 поднесен од пратениците Стојан Андов, Зоран Крстевски и Ристана Лалчевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г. Филиповски, министер за економија.

ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали некој друг бара збор по амандманот.

Има збор госпоѓа Лалчевска.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Со овој амандман сметаме дека постојното решение во законот е подобро од ова што сега се нуди. Имено, најголемите забелешки на досегашниот процез на приватизацијата беа воглавном околу нетранспарентна продажба, односно распродажба на државниот, општествениот капитал по минимални цени.

Предлогот што сега се нуди, во најмала рака е смешен. Почетната цена, според предлогот, ќе биде 10% од номиналната вредност, а тоа во наводници, ќе ве молам, е огромна разлика во однос на многу споменуваните досега дисконти што ги нудела претходната власт дури до 90%. Зарем не треба некому да се објаснува дека ова е всушност потполно исто? Со таа разлика што сега и законски се кажува дека капиталот ќе биде обезвреднуван, за разлика од претходното решение кога имаше законска обврска првата објава за продажба да биде по номинална цена, а потоа, според условите, цената можеше и да падне. Сега, ова што се предлага 10% од номиналната вредност, според мене е вистинска распродажба и не може да биде прифатливо.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Има збор г. Филиповски.

ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Мислам дека навистина постои огромна разлика помеѓу тоа што досега се применуваше и тоа што сега го предлага Владата. Досега тоа што се применуваше беше дискреционо право на директорот да предложи на Управниот одбор и Управниот одбор да донесе одлука дисконт без било какви економски параметри и дури без објавување, за што имаме индикации сознанија дека за 86 претпријатија е извршена продажба без објава во дневните весници, што е обврска. Или пак, внатрешно инсајдерско осознавање на состојбата помеѓу тој и тој сака да купи и оној кој е внатре за да се пушти налогот во моментот кога тој некој е заинтересиран да го купи, тогаш да се пушти налогот да се продаде.

Значи, огромна разлика е помеѓу тоа што досега било практика и ова што е сега. Ова што сега го предлагаме, да се почне со најниската цена од причина да привлечеме внимание на што е можно повеќе инвеститори да се јават на берзата. На берзата акциите ќе бидат 30 дена, значи ќе можат заинтересираните инвеститори да се јавуваат, да се јавуваат во претпријатието, да проверуваат кај банките, кај доверителите каква е состојбата за да можат да определат која е цената што ќе ја понудат.

Значи, тргнуваме од најниската цена за да може да се дојде до пазарната цена што навистина е прифатлива за пазарот во ова време. Во воведното излагање реков дека Владата нема да има свој брокер, тргувањето ќе биде по електронски пат, Владата нема никакво влијание. Прашањето е на интересот на купувачите, на инвеститорите, колкав е за да купат некој објект. Мислам дека тоа во овој момент на Македонија и е најпотребно за да може што побрзо да се заврши процесот на приватизацијата и да тргнеме во правец на решавање на, навистина, крупните проблеми во економијата во Република Македонија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Има збор г. Крстевски.

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

Благодарам.

Имам впечаток дека не се сака да се погледне на вистината во очи, кога се работи за ова прашање. А, кога се работи за ова прашање нема избор помеѓу добро и лошо, туку помеѓу две лоши да изберете помалку лошо.

Јасно е дека пазарна цена на аукција е онаа што се наддава и што сака оној кој ја купува да ја плати. Но, бидејќи овде се работи за, воглавно, малцински пакети и пакети кои не можат да се продадат транспарентно, државата има интерес некако да го затвори тој процес. Сега се поставува прашањето дали ова што министерот го објаснува, дека постои компетентност во Управниот одбор кој ќе седне и ќе ја утврди минималната цена е со постапка што гарантира дека таа цена е најниска или сепак тоа ќе биде некоја договорна цена за која што однапред ќе се знае и купувачот, кога имате малцински пакети тешко да очекувате да договарате со некој кој ќе наддава. Природно е за малцинскиот пакет да се интересира оној кој го има големиот пакет. Тој е сигурно заинтересиран да го купи по најниска цена. Значи, решението во секој случај е лошо.

Каква контрола ќе обезбеди Владата во утврдувањето на почетната цена, не знам, но во секој случај ќе има злоупотреби и за тоа Владата треба да биде свесна дека со одреден ризик влегува во оваа работа. Нема добро решение во секој случај, па затоа предлагаме да остане старото решение, бидејќи одењето од номиналната вредност па надолу, според мене, е поправично, ако се земе односот помеѓу тоа што е пазарна вредност и што е номинална вредност.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Има збор министерот за економија.

ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:

Во своето образложение кажав и сега сакам да повторам дека ние сакаме да привлечеме што е можно повеќе инвеститори кои ќе се јават и затоа тргнуваме од најниската цена која ќе оди нагоре.

Истовремено укажувам на тоа дека 38,4% од акциите се малцински акции. Тоа значи дека постои можност групирањето на овие акции што се продаваат, малцински, од Агенцијата и постојните малцински акции што се во претпријатието да се групираат за да се дојде до поголемо влијание во управувањето на претпријатието на идниот купувач. Но, сето тоа е прашање на пазарот. Ние, ниту

сакаме да диктираме ниту сакаме да се мешаме во процесот што треба да се одвива и треба да се заврши.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Има збор господинот Груевски.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Почитувани пратеници,

Во врска со овој закон би сакал да кажам дека е добро што Владата определи краен рок за Агенцијата за приватизација, бидејќи со тоа ќе се стави точка на скоро десет годишна приказна што има и добри и лоши моменти. На крајот на краиштата покажува дека тој процес мора што побрзо да заврши. На тој начин и самите вработени во Агенцијата за приватизација мислам дека ќе ја забрзаат постапката и веројатно ќе изостане оној момент кога не се знае крајниот рок на потсвесно одоговлекување на работите на заинтересираните субјекти кои се директно врзани со ова.

Изборот или определбата за брзо завршување на приватизацијата е добар избор, доколку тоа така се случи. Доколку навистина тоа што е замисла, најавен како замисла се реализира. Секако дека тука постојат неколку моменти што можат да бидат проблематични, како што е можноста за злоупотреба. Меѓутоа, секако дека човечкиот фактор е тој што може тоа да го спречи. Инаку, во акцискиот модел познати се работи на договарање на заинтересираните страни, нивно спогодување пред излегување на опциите на повеќе пакети итн. Меѓутоа, не треба априори да се каже дека тоа ќе биде така, само треба да се напомене дека вниманието треба сериозно да биде концентрирано на една ваква можност. Во секој случај, брзото завршување на приватизацијата и продавањето на малцинските пакети или на мнозинските што сеуште не се завршени е добро, според мое лично убедување подобро отколку идеата за инвестиционен фонд, бидејќи на некој начин тоа не би бил инвестиционен фонд создаден на природен начин и неговата судбина би била неизвесна. Такво беше моето мислење додека бев член на претходната Влада.

Значи, се се сведува на тоа дали оваа брза приватизација ќе ја добие доволната транспарентност и дали ќе бидат избегнати можните злоупотреби, на што

ценам дека Владата треба да обрне големо внимание. Уште еднаш повторувам добро е што се определи крајниот рок. Се надевам дека крајниот рок март наредната година нема да биде пролонгиран. Дури мислам дека не ќе беше лошо крајниот рок да биде  и порано, Нова година или уште порано. Ваквите модели даваат добри резултати во другите држави, моѓутоа и злоупотребите се очигледни во другите држави.

Останува да видиме што ќе се случи во периодот од една година, односно како ќе се заврши оваа операција.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Има збор г. Славе Арсовски.

Само ве молам, сега сме на амандманската расправа.

СЛАВЕ АРСОВСКИ:

На амандманот, а не за законот општо.

Апсолутно, гласам против амандманот бидејќи е нелогично, како што истакна и Крстевски да се стартува во пазарни услови од највисока цена. И во обичниот живот секаде, каде има некоја лицитација или слично, се стартува од најниската цена. Со наддавање се постигнува пазарната цена. Така е предвидено во самиот закон, многу исправно и со тоа се диктираат условите на самите акции и цената што треба да се постигне. Затоа ќе гласам против амандманот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Има збор г. Крстевски.

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

Мислам дека не ме разбрал. Јас го бранам амандманот од причина што сметам дека претходниот модел на продажба беше поцелисходен за државата. Не можам да си објаснам што значи тоа најниска цена, кој ја утврдува најниската цена пред да биде акцијата ставена на пазар, на продажба. Во тоа е разликата. Баравме тоа министерот да објасни како ќе се утврди 10-15% од номиналната вредност. Кои се тие параметри ако не се употреби моделот на договарање, најчесто со оној кој го

има мнозинскиот пакет во истата компанија. Тука е разликата во концептот и пристапот во продажбата, а не се работи за тоа дали е подобро да се појде од деле нагоре или од горе надоле.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Има збор г. Ѓорчев.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Во прилог на поддршка на амандманот од пратеничката група, од пратениците што го имаат поднесено, категоријата номинална цена не определува дека ние мора да стартуваме со нешто што претставува веќе дефиниран износ, што постои како номинална цена и старото решение на законот овозможуваше најнапред да се понуди номиналната цена.

Можеби некој не е запознат со економските текови во Република Македонија и ќе го купи тоа претпријатие по номинална цена. Доколку не се јавеше никој со понуда тогаш се одеше до дисконтен фактор и се одеше до оној момент кога ќе постојат заинтересирани странки.

Доколку се прифати решението што сега се предлага со измените и дополнувањата на Законот, тогаш се поставува прашање со каква цел, во чиј интерес и кои се тие личности кои што сами, арбитрарно на седница на управен одбор, или на друг орган ќе ја одредуваат почетната цена при постоечка номинална цена на капиталот на претпријатието.

Значи ако сакаме да го штитиме општествениот капитал, ако сакаме да го заштитиме било кој капитал, дали на оние што стопанисуваат согласно Законот за трансформација со општествен капитал или оние што стопанисуваат согласно Законот за претпријатија кој што се однесува за земјоделско земјиште, ние треба да ја почитуваме номоналната цена. Од неа мора да се тргне и затоа старото решение е подобро и затоа овој амандман е во прилог на почитување на старото решение.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Молам дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 79 пратеници, за амандманот гласале 33 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на член 3.

Отворам претрес по амандманот за бришење на членовите 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15, 16 и 17 поднесен од пратениците Стојан Андов, Зоран Крстевски и Ристана Лалчевска.

Се работи за еден амандман за сите членови.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе за амандманот.

ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Одредбите  што се предлагаат во предлогот не  зборуваат за извршување на процес на приватизација, туку во овој случај акциите повторно ќе бидат преку Фондот за пензиско осигурување вратени всушност на државата.

Со оглед дека приватизацијата не е завршена, мислиме дека е рано за вакви промени и затоа предлагаме бришење на овие членови со оглед на тоа што постојните решенија мислам дека се поповолни барем засега.

По однос на членот 8 каде се вели дека средствата ќе се пренесат во јавното претпријатие, а Владата истовремено планира да го згасне, односно да остави само неколку делови од ова претпријатие кои немаат врска со горенаведени објекти. Од тие причини ние предлагаме истите средства да се пренесат во Министерството за транспорт и врски, затоа што која е логиката да ги префрлиме на јавното претпријатие ако наскоро очекуваме и ова претпријатие да згасне.

По однос на вработените во Агенцијата за приватизација јас не добив сознание каде тие луѓе ќе одат. Дали за нив се дава можност да одат во јавното претпријатие да бидат префрлен и или ќе ги преземе Министерството за транспорт и врски или Министерството за финансии.

Се работи за луѓе кои се стручни, кои се обучени, тоа е екипа која со години работела на оваа прболематика, за која во државата нема доволно стртучни и обучени затоа што се работи за една специфична проблематика.

Се прашувам што ќе се случи со овие вработени ако систематизациите за вработување во Јавното претпријатие или каде тие ќе одат се потополнети. Како државата ќе ги реши овие проблеми на луѓето. Затоа предлагаме да се брише овој член.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 81 пратеник, 27 гласале за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 и 2 поднесен од пратениците Стојан Андов,Зоран Крстевски и Ристана Лалчевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот не е прифатен, дали некој бара збор?

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Јас уште еднаш би потенцирала зошто бараме промена на овој член.

Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор имаме најава дека наскоро ќе згасне. Ако веќе имаме најава дека ќе згасне ова јавно претпријатие тогаш нема никаква логика да ги префрламе прво во ова претпријатие, а потоа да се прашуваме што со нив.Мислам дека е најсоодветно да одат во Министерството за транспорт и врски, затоа што ова јавно претпријатие е во надлечност на Министерството за транспорт и врски.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Молам, дали некој друг бара збор?(Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 77 пратеници, за гласале 23.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 12 поднесен од пратениците Стојан Андов, Зоран Крстевски и Ристана Лалчевска.

Го повикувам претставникот на Владата да се произнесе.

ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Молам, дали некој бара збор?

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Доколку беше прифатен амандманот 3, амандманот 4 ќе содејствуваше со овој амандман. Бидејќи не е прифатен амандманот 3, овој амандман го повлекувам

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Амандманот е повлечен затоа што станува некомпатабилен со текстот.

Отворам претрес по амандманот на член 13 став 3 поднесен од пратениците Стојан Андов, Зоран Крстевски и Рисатана Лалчевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по амандманот.

ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ве молам дали некој друг бара збор?

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Се прашувам дали со формирањето на Комисијата за делбен биланс не ма да се постигне негативен ефект. Односно можеби целта е да се внесе неред во грижливо чуваните документи во Агенцијата, односно неминовно е целата документација да биде на едно место, а не да се дели во зависност од тоа која институција какви обврски ќе превземе, бидејќи таква е природата на проблематиката.

Но, со оглед на се она што ние предложивме не се прифати, немам повеќе коментари за овој амандман.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Го повлекувате, така ли.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Не го повлекувам, меѓутоа немам повеќе коментар.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ве молам, дали некој друг бара збор?(Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор по амаднманот, го заклучувам претерсот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 71 пратеник, за амандманот гласаа 24 пратеници.

Констатирам дек Собранието не го усвои амаднманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, дали некој бара збор по текстот на Предлогот на законот? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме за законот.

Гласале вкупно 83 пратеници. За гласале 53 пратеници, воздржани 4 и против гласале 26.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал.

Минуваме на точката 6 - Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за санација и реконструкција на дел од банките во Република Македонија, со предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон со Предлогот на закон Ви е доставен.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донсување на закон за дополнување на Законот за санација и реконструкција на дел од банките во Република Македонија.

Ве молам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, 52 гласале за, 2 воздржано и 8 против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Ги повикувам пратениците ако излегле од салата да се вратат.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, 52 за, 1 воздржано и 7 против.

Ги молам службите да утврдат точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата.)

72 пратеника во моментот се присутни во салата.

Значи со оглед на тоа дека во салата имаме присутни 72 пртеника, гласањето важи.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор?(Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претесот по текстот и Предлогот ан законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, 58 гласале за, 1 воздржано и 5 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за дополнување на Законот за санација и реконструкција на дел од банките во Република Македонија.

Продолжуваме по точка 7.

Ги повикувам претставниците на Законодавно-правната комисија и на Министерството за финансии со оглед дека новоподнесениот амандман е во мала коализија со амандманот што го поднела Законодавно-правната комисија да ги усогласат кој од двата ќе бидат валидни, за да расправаме по Законот за хартии од вредност.

Минуваме на точката 7 - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за угостителска и туристичка дејност, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на Законот со Предлогот на закон, мислењето на Владата и дописот на Законодавно-правната комисија, Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Љупчо Мешков.

ЉУПЧО МЕШКОВ:

Почитуван претседателе, почиувани колеги, претставници на Владата.

За разлика од моите претходни јавувања кога вообичаено зборував од место овој пат решив да излезам на говорница и со тој чин барем симболично да ја зголемам важноста на постапката на донесување на закон, кога предлагач на закон е пратеник на ова Собрание, без оглед дали се работи за пратеник од позицијата, или опозицијата.

Исто така овластен сум од предлагачите, од Пратеничката група на Либералната партија накратко да ја образложам потребата од донесување на овој закон, се разбира и она што со тој закон го нудиме како решение во неговата содржина.

За разлика од моите напори за зголемување на важноста на процедурата кога предлагач на закон е пратеник, мислам дека несериозен пристап, во случајот како и многу пати досега имаат работните тела на ова Собрание и Владата на Република Македонија.

Во предлогот на овој закон матичната комисија за економија не најде за потребно, дури и како матична комисија да расправа за овој закон, се разбира Законодавно-правната комисија исто така не расправаше од причина што матичната комисија нема извештај по однос на овој предложен закон, а Владата на Република Македонија мислењето по овој закон го достави на 16 овој месец, иако согласно член 140 став 2 од Деловникот на Собранието е предвидено во случаиите, кога предлагач на закон е пратеник од ова Собрание, Владата е должна мислењето да го даде најдоцна три дена пред одржувањето на седницата на работното тело.

Ова не се случува само по повод донесувањето на овој закон, јас сум сведок на повеќе такви случаи во комисиите и работните тела кога работното тело не расправа заради тоа што за седницата нема мислење од Владата на Република Македонија и токму ова мое јавување односно моја заложба е да и укажеме на Владата да се придржува на нејзините обврски кога предлагач на закон е пратеник и да го достави на време своето мислење како би можеле да расправаат работните тела на Собранието и се разбира можноста за донесување да биде поголема, кога за тоа претходно ќе заземат ставови работните тела на Собранието.

Што се однесува до предложениот закон пред се целта ни е да укажеме на две работи.

Првата работа е дека со овој закон предлагаме регулативата во поглед на работното време на угостителските објекти да биде предмет на регулатива на законот, а не на регулатива на одлука донесена од страна на Владата на РМ. Како што на многу пратеници веројатно им е познато, во првобитниот текст на Законот за

угостителска дејност, најпрво беше регулирано со член 10 дека работното време на угостителските објекти исто така се регулира со закон, за разлика од Законот за изменување и дополнување на овој закон донесен април 2002 година кога надлежноста за регулирање на работното време е пренесена на Владата на Република Македонија. Таа да го регулира работното време по пат на донесување на одлука.

Веднаш на почетокот сакам да ги анулирам сите сомнежи дека овој закон е предложен со некакви маркетиншки цели, заради тоа што законот е предложен, само треба да се сфати како напор на предлагачите на законот, јасно да се разграничи законодавната од извршната власт, односно точно да се знае дека ова Собрание е законодавно тело и ова Собрание треба да ги регулира работите, за кои што ние сметаме дека се битни. Затоа што, работното време на угостителските објекти го сметаме за битен сегмент на законот. Значи, точно да се знае дека законот треба да го регулира, покрај другите работи и работното време, кое сега реков, е предмет на регулатива на одлука н Владата на Република Македонија. Зашто, ако некој, како што рекова, е маркетиншки потег, тогаш можеме да речеме дека е маркетиншки потег и донесената најнова одлука на Владата на Република Македонија, со која исто така ова е еден многу краток временски период се менува петходната одлука, односно се менува работното време на угостителските објекти. Зошто сметаме дека е важно да биде предлог на законот, регулирањето.

Прво, како што реков заради разграничување на законодавната од извршната власт.

Второ, заради тоа што сметаме дека евентуалнит инветитори во угостителската дејност би биле многу посигурни во инвестирањето на средства во оваа област, кога регулирањето на работното време, покрај другите работи, ќе биде со закон, а не со одлука на Владата на Република Македонија, каде што кога е со одлука на Владата на Република Македонија, тоа може да биде предмет на чести измени, што мислиме дека не е добро од аспект на инвестирањето на овие средства во оваа област. Значи, ние чувме дека Владата на Република Македонија донесе одлука, меѓутоа, тоа е одлука на Владата на Република Македонија, а предлогот на законот се вели дека тоа треба да биде регулатива на закон, а не на одлука на Владата на Република Македонија.

Втората работа, која што ја предлагаме, а таа е иста и во одлуката на Владата на Република Македонија, да се продолжи работното време на објектите за еден час, а со амандманот кој го добивте сега и во предпразничните денови и во

летниот период тоа работно време да биде подолго. Интенциите и во одлуката на Владата на Република Македонија и нашите се слични, само разликата е во тоа што ние велиме дека предмет на регулатива треба да биде, односно овие аспекти, овие прашања треба да бидат регулирани со законот за угостителска дејност, а не со одлука на Владата на Република Македонија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

Господин Ќахил.

АДНАН ЌАХИЛ:

Претседателе, пратеници и членови на Владата на Република Македонија,

Денес имаме предлог на закон за угистителска дејност, што можам да кажам во целина ми е прифатлив, но јас би сакал да зборувам за една друга димензија во однос на оваа проблематика, што во последно време се актуелизираше со ненамерно или намерно убиство на младо дете. И, се направи една голема хајка против угостителите со работното време. Целта не ми е позната и незнам зошто е тоа така направено. Веројатно, тоа е направено така, што пропустите во оваа сфера се нагомилувани со текот на годините. Иако, во тој период, а и до ден денес има над 40 убиства во Република Македонија каде што има изгубени млади животи, а до ден денес немаме информации кои се, како се и зошто се направени тие убиства. Очекував Владата на Република Македонија да донесе еден комплементарен закон во врска со угостителската дејност, каде што ќе се опфатат сите сегменти на работење на угостителските работници, на објектите, но исто така, да се обрне внимание и на едукацијата на младите, каде што овој сегмент апсолутно е заборавен.

Во изминатиот период сме сведоци на тоа дека цело време се зборуваше дека младите до доцна навечер остануваат во кафаните, па до наутро и не можат да одат на училиште, односно да одат начасови и се случи лавина од негодувања од страна на родители и од општеството дека единствени виновници за тоа се кафанџиите, кафаните и работното време. Во принцип мислам дека тоа не е точно, бидејќи за за тоа да го кажеме треба да имаме предвид што во минатиот период, а особено сега сме направиле како општество за да можат тие проблеми да се надминат.

Ќе се обидам да елаборам зошто мислам дека она што е со работното време, нема баш многу врска со она што се случува со младите, бидејќи ние како општество, а и сега и во минатото доволно не сме вложиле во работата со младата популација. Не сме обрнувале внимание на образование, во спортот, во културата, вработувањето, едуцирањето и односот на полицијата во однос на угостителите и младите, другите закони што се во врска со угостителската дејност, родителите, невладините организации и т.н. Јас само би кажал пример, таа ноќ која беше пресудна да се случат овие лавини на обвинувања дека угостителите, тие што се виновни, што точат алкохол на младата генерација, дека тие немаат морал и дека таквите работи не треба да се случуваат, би кажал дека таа вечер, во таа кафана, на другата маса седеле полицјаци. Па, луѓе, тие полицајци се за превентива. Ако знаеле и имале сознание дека нешто се случува, тие требало да го спречат тоа. А, јас прашувам каде во светот или на други места седат во кафани полицајци со униформи во работно време и едноставно пијат кафе или нешто друго. Тоа е недопустиливо. Работното време на угостителските објекти мислам дека треба да биде регулирано со закон и треба да биде кокмплементарно со другите закони, имајќи уште нешто предвид дека во таа угостителска дејност имаме над 25.000 вработени луѓе. Тоа е еден сегмент.

Второ, ние, особено од градот Скопје претендираме да бидеме центар за транзитен туризам. Ако ние без да направиме друг сегмент за исполнување на услови каде младите ќе се ангажираат на некој начин, ги затвораме само кафаните, ќе дојдеме до ситуација, каква што веќе имаме, кафаните затворени, но имаме полни паркови, паркинзи, станови и т.н., каде што апсолутно не може да се контролира она што се случува. Ние велиме дека нема да им дадеме алкохол и нема да точат алкохол во кафаните, што е исправно и што е добро, но од друга страна не носиме закон дека во другите деловни објекти, маркети, продавници се издава алкохол и алкохолни пијалоци, без да се внимава дали тие се малолетници или не смее да им се издаде алкохол. Во таа Европа или во тој западен свет каде што ние се повикуваме, ист грев имаат и тие што издаваат алкохол во кафаните на малолетници, како што и во продавниците се продава алкохол на малолетници.

Во минатото а и сега уште повеќе, ние не вложивме доволно во спортот. Не вложуваме доволно во тие мали спортови, каде што младите треба да се ангажираат и каде треба да ги добијат своите вредности. Ние не вложуваме доволно да ги вработуваме младите кога ќе завршат средно училиште. Не вложуваме доволн ово едукацијата на младите во однос на зачленување во

невладини организации во однос на зачленување на културно уметнички друштва, не ги валоризираме вредностите на тие деца ако се занимаваат со определена образовна и научна дејност. Сите тие работи ни поминуваат пред очи и кога ќе се случат убиства, кога ќе се случат не добри работи во кафаните, веднаш сме многу гласни, дека сите проблеми настануваат и се случуваат токмју од тие кафани и дека најдобро решение е ако кафаните ги затвориме во 10, 11 или 12 часот. Мислам дека тоа не е во ред, дека работите не треба така да се гледаат и дека треба многу, многу поаналитички да пристапиме на овој проблем, со добар сенс, со голем сенс, за да ги задоволиме двете страни. Сепак, се работи за луѓе од оваа Република и тие угостители се дел од Република Македонија и тие деца се дел од Република Македонија, но треба да најдеме начин да ја задоволиме и едната и другата страна. Не можеме со затворање на кафани, а со текот на времето да можеме за кратко време да launched речеме под притисок на определени групации, е сега, не до 11 часот работно време, туку 12 часот и едноставно можеби следниот пат под притисок ќе биде не до 12 часот, туку до 1 часот. Тоа е недопустливо. Мислам дека треба кафаните да работат или угостителските објекти по категоризација што треба да се вреднува на определен начин и законите да се применуваат многу поригорозно. Но, тие закони се однесуваат ем за кафанџиите а и за родителите. Исто така и за тие луѓе, кои го спроведуваат законот. Не можеме само да ја префрлиме вината на едната страна, што ми личи на удирање на самарот, наместо на магарето.

Затоа, овој предлог за донесување на закон за угостителска дејност, барем во овој период е прифатлив е треба да се изгласа, иако сметам дека Владата на Република Македонија треба да излезе до еден покомплементарен предлог, пристап, каде ќе се регулираат други законски основи, други закони во врска со оваа проблематика. Ако вака не направиме, едноставно ќе имаме ерозија на работници, ќе се затвораат кафаните, ќе имаме отпуштање на работници од тие кафани, а во овој период каде што вработувањето, т.е. невработувањето на луѓето оди по нагорна линија, сметам дека ќе имаме негативен одраз во економијата на нашата земја. Сметам дека во овој семент треба да се обрне повеќе внимание на работа со младите. Уште еднаш ќе повторам дека е многу важно тие млади луѓе се едуцираат на правилен начин. Нивните професори во средните училишта да внимаваат како работат, што работат, а исто така општеството треба да им го овозможи тоа на тие луѓе. Ако тоа не го направиме а до сега тоа не е направено, оди по надолна линија сета таа работа, мислам дека и да ги затвораме кафаните во 8 часот, ќе имаме уште

поголеми проблеми и дека проблемите не произлегуваат само од овој дел. Проблемите се многу посложени и подлабоки во општеството. Мораме, тргнувајќи од овој законодавен дом, а и Владата на Република Македонија да се соочиме со проблемот на донесување на закони, кои ќе важат за сите, а не да важат селективно за едни, а за други да не важат.

На крај, не би должем повеќе, мислам дека усостителите треба да работат онака како што треба да работат, со закон да се регулира работното време, треба да се ценат, треба да се цени нивната работа, затоа што до сега, од страна на инспекцијата и полицијата тие едноставно се третираат како криминалци. Полицијата влегува во кафани како да се на Дивиот запад, со тоа што затвора кафана или ќе ве направам тоа и тоа. Таков однос е недопустлив. Ако таков однос има полицијата или владините институции, тогаш што останува за односот на другите сегменти од народот. Сигурно, нема да биде поинаков. Впрочем, во целиот тој период, каде што имаме однесување на младите, тоа е отсликување на целата јавност. Се носат орожја во училишта, се носи ладно оружје или било какво оружје, а до сега никакви санкции не видов, не чув и дека нешто во тој правец се превзема. Ако во таа насока не се подобрат некои работи, не се подобрат нештата, сигурно во доменот на угостителската дејност, тоа нема да се направи.

Јас овој закон ќе го подржам и мислам дека Владата на Република Македонија исто така треба да го подржи и парламентот и во иднина, за многу кусо време Владата на Република Македонија треба да излезе со предлог, а парламентот да го изгласа да донесе закони, кои што ќе бидат многу поопсежни, покомплементарни во однос на оваа работа и во однос на девијантното однесување на младите во општеството. Зашто, не се само тие млади луѓе виновни, не се само тие угостители виновни, туку голем дел од вината треба да ја прифатиме сите ние во општеството.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господин Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Почитуван претседателе,

Би сакал да го искажам ставот на пратеничката група на СДСМ. Тоа образложение што го дава господинот Аднан Ќахил дека не се решава со работното време, дека треба да се направи поаналитички, или како што кажа со повеќе сенс да

се работи во образованието, да се работи со невладини организации, со јавни трибини, а не се решава со работното време. Тоа е нашето образложение зошто сметаме дека овој предлог на измени на законот е од маркетиншки причини и работите не се решаваат на овој начин. Од друга страна исто како што беше истакнато од двата претходни дискутанти, нас ни треба не еден, туку серија на закони кои ќе го опфатат ова. Гледаме дека Владата на Република Македонија во своето образложение тоа го кажува дека треба да се направат измени на повеќе закони. Во Собранието на Република Македонија е стигнат предлог од здрузението на туристички работници од Охрид и мислам дека тој предлог да биде заеднички разгледан од претставниците на Владата на Република Македонија и заедно да тргнеме во процесот на решавањето на овој комплексен проблем, како што беше нагласен, кој сакаме да го решиме на мала врата и тоа повторно не е направено од некои други причини, освен од маркетиншки. Инаку, ако направеле некоја подобра анализа предлагачите, денес немаше да ни достават нов предлог на самата седница, што значи не ги разгледале сите сегменти од работата или пак ако се мислело на сите категории, а зборуваат за младите, немало да ги ограничат диско клубовите до еден часот да работат и да ги пуштат оние ресторани за јадење да работат до 2 часот.

Затоа, кажувам дека ова е набрзина подготвен предлог чисто од маркетиншки причини, па затоа ние нема да го предложиме, нема да го прифатиме. Она што би сакал да го искористам да простестирам на дискусијата кога господинот Аднан Ќахил зборува за полицијата, апсолутно тоа не е точно. Со такви навреди мислам дека не ни личи овде така да се однесуваме кон припадниците на безбедносните сили. Ако тие спроведуваат некој закон, незначи дека прават хајка и против тој збор протестирам, ниту пак дека ги третираат како криминалци или се некои претставници од Дивиот запад.

Затоа, мислам дека тука како пратеници треба со повеќе достоинство да се обраќаме кон институциите на системот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господинот Аднан Ќахил, реплика.

АДНАН ЌАХИЛ:

Мислам дека во мојата дискусија не реков дека полицијата се криминалци, туку дека однесувањето е како на Дивиот запад. А, ова што го кажувам,

не го кажувам од некои маркетиншки причини и дека имам нешто против полицијата, туку она што јас самиот видов, она што мжев да го оценам во дадени ситуации дека е таков односот. Кога велам дека тие се криминалци, мислам дека е тоа далеку од тоа и во мојата дискусија такво нешто не спомнав.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Со оглед на тоа дека ми сигнализирате, предлагач бара збор, само да појасниме една работа. Има повеќе предлагачи и должни сте да дадете еден претставник кој ќе има право. Со оглед дека Мешков беше воведничар, мислев во име на предлагачите ќе зборува. Мое да одредите и друг, меѓутоа, да биде еден, инаку ќе го изместиме редот. Еден во име на предлагачите ќе добива приоритет. Определете кој и ќе ви го дадам тој збор, меѓутоа, да биде постојано истиот. Како ќе ме известите, така ќе постапам. Кој е претставник на предлагачите. Ако е Мешков, тој ќе добива прекувремено, а другите по ред на пријавување. Инаку, не можам на е предлагачи да им дадам збор.

За збор се јави господинот Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам господине претседателе, почитувани пратеници,

Јас би сакал да изнесам еден мој став, личен став и она што е став од базата, кој го добив деновиве и потоа одлуката на господинот премиер за промена на работното време на угостителските објекти. Мислам дека тука многу често спомнуваме дека времето и ограничувањата не се тие кои што ќе одредат дали одредена групација заинтересирана за одредени работи може да дејствува, или неможе да дејствува и дали се тие оние што ќе одлучуваат за работното време. Мислам дека Владата со донесувањето на вакви одлуки денеска да биде до 23, утре до 24 часот дека е веќе една усталена пракса и после двемесечно работење кога работите стивнуваат, повторно долеваме некое масло на огнот. Ние како држава сигурно дека сме многу посиромашни за разлика од западниот свет и државите кои што таму протежираат нивно владеење и посебно регулирање на законот за угостителство и туристичка дејност. Сигурно дека секој што бил на Запад воопшто не е потребно ниту полиција да интервенира. Она што е донесено како закон и ред секој угостителски објект го спазува, значи дали тоа било 22 часот каде што во поголемиот број држави од Западна Европа оние нормални туристички објекти веќе прекинуваат со работа и тоа воопшто не е за никој никакво изненадување. Но, затоа има објекти кои што се категоризирани и кои што можат да работат и преку цела ноќ

и се знае кои се и тие. Значи, ние треба да се потрудиме ако во сите наши закони се доближуваме до европското законодавство и со овој закон и со овие нови предлози кои што би требало да дојдат на разгледување во Парламентот повторно да ги видиме оние позитивни искуства кои што ќе донесат до таа ситуација. Мислам дека освен Законот за угостителска и туристичка дејност би требало да се поработи и на Законот за малолетници и воопшто се она што значи регулирање на правата, продажба на алкохол во било кои објекти, не само овие угостителски објекти. Пред се и она што го побаравме неколку пати од господинот премиер и Владата да се поведе малку повеќе внимание за младата популација во однос на спортот, затоа што тука гледаме дека веќе комплетни спортски екипи се откажуваат, а за масовен спорт веќе и не станува збор. Значи, тука државата треба под итно да донесе некој интервентен закон во кој што ќе ги вклучиме овие млади луѓе и кои што вишокот енергија наместо по овие угостителски објекти ќе имаат можност да го исфрлат точно на тие спортски терени. Во оваа проблематика се јавуваат и останати проблеми, затоа што за разлика од Западот кај нас многу од угостителските објекти под дејство на она што значи урбанизација и немање на услови да ги направиме во соодветни услови, многу од нив се изградени и во станбени згради. Тука имаме конфликт на интереси во однос на нормалното граѓанство и она што значи интерес. За да ја регулираме и таа работа значи бучава, работење во доцните вечерни часови, тука имаме проблем и тој треба да биде разгледан сигурно со наредниот закон, да се донесат прави решенија во кои што секој угостител би ги исполнил условите за да може да работи во соодветна станбена зграда како што сега во ситуацијата се случува во сите делови на Македонија.

Јас ја ценам оваа иницијатива на групата пратеници од Либералната партија и ќе ја поддржам, затоа што решава само еден сегмент од целокупното работење во Законот за угостителска и туристичка дејност. Мислам дека има уште многу ситуации каде што ќе треба да ги доработиме. Но, јас инсистирам доколку Владата понатаму донесува решенија и наоѓање начин за развој на економијата, мислам дека младите луѓе се помалку и помалку и посебно вработувањата се помалку ќе се наоѓаат во тие кафичи, а својата енергија и својот интелектуален ум ќе го насочат точно каде што треба за сите нас, тоа е развој на нашата држава.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господинот Мешков во име на предлагачите.

ЉУПЧО МЕШКОВ:

Господине претседателе, мислам дека не е коректно некој, било кој да кажува што мислел другиот, туку тој може да каже што мисли тој. Инаку, законот ниту е набрзина подготвен, како што рече господинот Макрадули. Амандманот кој што е поднесен е заради фактот што можеби подоцна утврдивме дека она што сме сакале да го внесеме, не е содржано во текстот од техничка причина. И затоа како предлагачи го дадовме нормално како составен дел на овој закон.

Она дека е макретиншки потег, не случајно на почетокот реков дека не треба така првенствено да се сфати, бидејќи главната цел и поента ни беше оваа регулатива да има законски карактер, односно ова прашање да се регулира со закон и да биде во надлежност на Парламентот, а не во надлежност на Владата. Ако е маркетиншки потег од предлагачите, што е тогаш одлуката на Владата? Ние овој закон го поднесовме пред 15-20 дена, а одлуката е од пред неколку дена. Значи, ако е маркетинг, маркетинг е од Владата, а не од предлагачите на овој закон.

Коментарот во поглед на објектите за исхрана има своја логика зошто така е предложено. Затоа што сметаме дека постарите луѓе кои одат во ресторанитe за исхрана можат да останат и подолго заради тоа што тие дискотеки, дискоклубови и тн. се местата каде што можноста од некакви непожелни појави се поголеми, отколку во ресторанитe за исхрана. Според тоа, уште еднаш потенцирам дека законот не е набрзина готвен и нема никаква пречка тој да биде донесен денес на Собранието, ако Владата во услови кога најавува дека многу поцелосно ќе се осврне на оваа проблематика со регулатива се разбира и на закон за туристичка дејност, за туристичка такса и тн., значи сеопфатно регулирање на оваа област. Зошто тогаш е избрзано со донесување на одлука. Значи, не е маркетиншки потез кога пратениците го предлагаат овој закон, туку тоа може да се каже обратно за одлуката на Владата.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господинот Макрадули има реплика.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Господинот Мешков му дозволува на некој да не мисли како што, или да претпоставува некои други мисли, но затоа тој знае Владата што мислела. Добро, тој како повереник од овие пет можеби е поспособен од другите, па затоа го одбрале и како повереник.

Дека е направен селективен пристап и дека не е добро анализирано е примерот што и самиот господин Мешков го даде, постарите луѓе да останат да

јадат до 2 часот, а младите, да им се затвори диското во 1 часот. Затоа кажувам дека не е направена никаква анализа, и е направена категоризација баш за одредена група на луѓе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Зоран Крстевски.

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

Јас сакав на почеток само да укажам дека кога парламентарци поднесуваат предлог-закони треба да се има предвид дека тоа е една од основните функции на пратениците и не треба што се вели, на нож да се пречекуваат предлози за кои има спротивно мислење, или пак како што гледаме Владата едноставно игнорантски без да навлезе во текстот, или во предлогот, се даваат квалификации. Нашата интенција беше навистина пред да се донесе оваа одлука на Владата пред два дена и добро е што се поклопуваат некои од одредбите на законот со одлуката на Владата. Што значи на нас како предлагачи еден дел од иницијативата ни е прифатена и ние сме благодарни на Владата. Но, ние истовремено навистина сакавме да понудиме соодветни решенија кои од аспектот на угостителството даваат економска димензија, бидејќи се разбира дека тие тоа работно време на одреден начин е условено и со тоа за какви угостителски објекти се работи, во какви региони, дали се туристички, дали не се и тн. Значи не е само аспектот на тоа дали младите консумираат и седат подолго навечер, туку имаше и еден сосема друг пристап во нашиот предлог заради кој мислам дека треба да се има должно внимание. Некои од решенијата како што е и решението со амандманот е европско решение и не треба за тоа многу да се има полемика, кога е дојдено, зошто е дојдено. Во поголем број метрополи петок и сабота се работи подолго и се условува со тоа што тогаш луѓето имаат слободно време и го користат за забава. Според тоа, секој предлог може вака парламентарно да го гледаме, не мораме да бидеме нерасположени во однос на предлагачите. Ние би сакале да го чуеме концептот што Владата го нуди, тука само вели дека ќе даде некакво законско решение, меѓутоа би требало да видиме во кој правец Владата дискутирала што е тоа што е разликата да се регулира ова прашање со одлука и да се регулира со закон. Во таа насока сакав само да потенцирам зошто е предлогот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Илија Филиповски, претставник на Владата, во својство на претставник на мислењето на Владата.

ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:

Почитуван претседател, почитувани пратеници, мислам дека прашањето навистина што се однесува до угостителската и туристичката дејност е многу сериозно прашање и Владата му посветува навистина сериозно внимание. Заправо Владата ја усвои програмата за детската деликвенција и врз основа на тој дел во владина процедура се наоѓаат два закони, законот за трговија и законот за угостителство и туризам. И се надевам во текот на идната недела ќе бидат усвоени од страна на Владата со кои се решаваат проблемите кои ги имаме со тој дел.

Второто прашање е прашањето на работното време. Владата се определи за усогласување со летното работно време, но исто така Владата го задолжи Министерството за економија во најкраток можен рок да предложи на Владата два закони, еден закон кој би бил за угостителството и другиот закон кој треба да биде за туризмот. И веќе на тоа се работи. Ние ќе излеземе со тие предлог-закони, бидејќи проблемот на угостителството и туризмот е една сериозна гранка, но мора да се пријде со целокупниот проблем кој тие го имаат, но истовремено со целокупниот проблем кој го имаат граѓаните кои живеат блиску до тие угостителски дуќани. Значи, ние имаме еден целовит приод кон решавање на овој дел и ќе излеземе со тие предлози пред Собранието.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор Љубисав Иванов Ѕинго.

ЉУБУСАВ ИВАНОВ -ЅИНГО:

Мене не ми се допаѓа кога еден вака значаен проблем добива политички димензии, а не економски. Угостителството треба да се гледа од економски аспект и тоа прво од аспект на потрошувачката. Затоа што во доменот на угостителството воглавно се троши сопствено производство и тоа воглавно земјоделско производство.

Второ, угостителството е голема област во која што се вработуваат голем број на луѓе.

Трето, угостителството треба да се гледа од аспект на развој на туризмот. Сигурно дека е присутен и оној морален дел, оној етички дел, оној дел што значи да се обезбеди мир на граѓаните и оној дел што значи да се спречи младите луѓе да го упропастуваат своето здравје, да стекнуваат лоши навики, го загрозуваат своето здравје и тн. Овој проблем го решил светот и ние во тој правец треба да дејствуваме. Значи да ги спазиме сите елементи кои што светот ги стекнал со големо време, со големо искуство, со голема примена на оваа област. И така треба да гледаме и овие напори тука што се вложуваат нешто да се уреди во тој поглед. Тоа не значи дека ако во иднина Владата ни понуди подобри решенија, дека нема да ги прифатиме, ама да ги прифатиме и оние иницијативи што значат чекор понатаму. Јас мислам дека ние така треба да ги гледаме работите и да им приоѓаме од аспект на стваралаштво, од аспект на развој на државата, од аспект на решавање на проблемите во државата. Многу е лесно со погрешни потези да ја урнеме таа гранка. За уривање ние видовме дека ни требаа десетина години, една деценија да уништиме една економија која што ја создававме пола век. Според тоа, рушењето, уништувањето е многу побрз процес од создавањето. За создавањето треба огромна енергија, огромни напори, огромни знаења, огромни средства и тн., за рушењето треба многу помалку од тоа. Според тоа, јас само од тој аспект ќе го поддржам овој закон.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за угостителската и туристичката дејност.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 75 пратеници, 26 пратеници гласаа за, 47 пратеници гласаа против и 2 пратеници се воздржаа од гласање.

Кнстатирам дека заклучокот не е усвоен.

Со тоа и расправата по законот веќе е прекината.

Сега се враќаме на точката 2.

Доставени се амандманите од Владата.

Минуваме на точката 2 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за хартии од вредност, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на зконот.

Дали некој бара збор?

ДИМКО КОКАРОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, колеги министри, дами и господа, пред вас се наоѓа текстот на измените и дополнувањата на Законот за хартии од вредност. Би ја искористил оваа прилика да дадам едно кратко образложение и објаснување за главните причини на Владата на Република Македонија за интервенирање во Законот за хартии од вредност. Имено, со предложените измени една од клучните интенции претставува зајакнување на независноста на Комисијата за хартии од вредност како единствен супервизорски орган во спроведувањето на Зконот за хартии од вредност, Законот за превземање на акционерски друштва и Законот за  инвестициони фондови. Со измените на законот покрај веќе постојните критериуми при избор на член на Комисија за хартии од вредност се додаваат и нови критериуми кои претставуваат еден радикален чекор за зајакнување на независноста на Комисијата во смисла на стручност, професионалност, деполитизираност, компетентност и одговорност. Член на Комисијата за хартии од вредност не може да биде член  на орган на политичка партија, да е раководно лице, или член на управен одбор на правно лице супервизирано од страна на Комисијата за хартии од вредност, како и од страна на Народна банка на Република Македонија, да е акционер со над 25% учество во акциите на акционерско друштво, издавач на хартии од вредност, или да е функционер кој раководи со државен орган. Исто така, со измените на Законот се предлага функцијата на членовите и претседателот на Комисијата да престане доколку нестручно и несовесно ја врши функцијата претседател и член на Комисијата.

Овие одредби од законот обезбедуваат одстранување на било каква можност за појава на конфликт на интереси при вршење на должност на Комисијата за хартии од вредност. Генерално конфликтот на интереси како појава претставува проблем во Република македонија за што забелешки имаме од повеќе страни и тоа Европската комисија во Извештајот за процесот на стабилизација и асоцијација на Република Македонија кон Европската  Унија во 2002 година, Светксата банка која како еден

од условите за повлекување на третата транша од ФЕСАЛ - 2 аранжманот е зголемување на независноста на Комисијата за хартии од вредност.

Со оглед на тоа што именувањето на сегашните членови на Комисијата не се засновувало на дополнителните критериуми што треба да ги исполнуваат претседателот и членовите на Комисијата, како и поради фактот што сегашниот состав на Комисијата е избран од страна на Владата а не од страна на Собранието, како што е регулирано со членот 159 од Законот за хартии од вредност донесен во 2000 година, се предлага мандатот на сегашниот состав на Комисијата да престане со именувањето на новиот состав, кој целосно ќе ги исполнува критериумите и процедурите на Законот.

Во насока на обезбедување ефикасност, стручност и професионалност, при вршењето на супервизорската улога на Комисијата за хартии од вредност претставува и воведувањето критериум за избор на директор на стручната служба на Комисијата за хартии од вредност. Имено, за директор може да се именува лице кое е државјанин на Република Македонија, има високо образование и е со професионално искуство во финансиската сфера во последните три години при именувањето на таа функција. За да се поголема поголема транспарентност во работењето на Комисијата за хартии од вредност, во однос на средствата што ги остварува од своето работење и трошење на истите, се воведува обврска за изготвување ревизорски извештај и објавување на дел од извештајот во најмалку еден дневен весник во Република Македонија и на ВЕБ страницата на Комисиајта во рок од 15 дена од неговото усвојување од страна на Комисијата.

Новина претставува и обврската за склаеста распределба на вишокот на приходите над расходите што ги остварува Комисијата во своето работење. Согласно предлог законот се предвидува во 2003 година 50%, во 2004 година 60% и во 2005 година 70% од вишокот на приходи над расходи да се уплатуваат во буџетот на РМ. во секој случај, со ова законско решение се и предвид и развојната функција и улогата на Комисијата врз пазарот на капитал во РМ.

Имајќи ги предвид важноста и значењето на предложените измени на текстот на Законот за хартии од вредност, предлагам Собранието на РМ да го донесе предложениот текст.

Заклучувајќи овде, сакам да напоменам дека во изготвувањето на Предлогот на текстот ги користевме драгоцените искуства на повеќе земји од југоисточна Европа. Користени се искуствата, Република Словенија, Чешка, Бугарија и други, што претставуваше добра основа со експертите да дојдеме до едно решение кое ќе

води кон независна, стручна компетентна и одговорна комисија, која ќе ја извршува својата дејност во наредниот период.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам на г-динот Кокароски.

Има збор г-динот Адеми Абдилаким.

АБДИЛАЌИМ АДЕМИ:

Почитуван претседателе, преставници на Владата, пожитувани колеги,

Се пријавив за дискусија заради следното. Во Комисијата за финансирање и буџет се отвори дебата за членот 6 алинеја 1, каде што станува збор за комисиите, а таму се вели дека член на оваа Комисија нема да биде член од политичка партија и можноста ние како Комисијата да поставиме прашање или амандман во името на Комисијата ни беше одземено, бидејќи претседателот на Комисијата ја свика седницата малку подоцна, а според правилникот амандманите треба да бидат доставени пет дена претходно. Седницата на Комисијата беше одржана во понеделник. Тогаш се отвори дискусија дека овој член односно алинеја треба да се редефинира и со денешниот предлог на Владата тоа се направи.

Значи, имаме измена и јас ќе побарам од вас како претседател на работата на Комисиите вие да интеревенирате и комисиите да се придржуваат на рокот за свикување на седницата согласно Деловникот, со право да се интервенира со предлози да не се повтори повеќе.

Интенција на прдлагачот со овој предлог е Комисијата да се деполитизира и добро е што се редефинира и е донесен нов предлог од стсрана на Владата.

Ние како парламентарна група ќе гласаме за овие предлози на измени и ќе ги поддржиме истите.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г-ѓа Марија Којзаклиска.

МАРИЈА КОЈЗАКЛИСКА:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на власт,

Со овој закон се предлагаат измени и дополнувања на Законот за хартии од вредност. Согласо причините кои ги има наведено подносителот, Комисијата за хартии од вредност е самостојна и независна организација, одговорна за спроведување на Законот за хартии од вредност, Законот за инвестиционите фондови и Законот за преземање на акционерските друштва и на сите други подзаконски акти, донесени врз основа на овие закони.

Комисијата е составена од претседател и 6 членови кои ги именува и разрешува Собранието на РМ на Предлог на Владата на РМ, а за именување на претседател и членови на Комисијата се именуваат лица кои исполнуваат определени услови.

Ова како што е наведено е неопходно потребно заради нормално извршување на функцијата заради целта за која таа постои. Но очигледна е и тенденциозна намерата на оваа Влада да го искористи правото да предлага преку ресорното министерство одредби кои според нејзина логика се она што било оставено од претходната власт е нестручно, непрофесионално, некомпетентно и несовесно. Посебно со нив се однесува на членовите на Комисијата за хартии од вредност и на претседателот.

Би сакала да знам врз основа на што се раководеше Министерството за финансии кога утврди дека има потреба од формирање на професионална и експертска комисија за хартии од вредност и за таа цел треба дополнувањето на условите што треба да ги исполнува претседателот и членовите на Комисијата. Дали тоа знажи дека досегашните кадри кои биле во Комисијата биле нестручни, непрофесионални, некомпетентни и се што започнува со преставката “не”.

Понатаму, би го запрашала Министерството за финансии дали тие сеуште веруваат дека во РМ постојат експерти од областа на финансиите и на корпоративното право, а изтите тие да не се партиски определени или членови на политички партии, за да можат да станат експерти. што би се случило доколку истите, некои од сегашните членови на Комисијата за кои сите знаеме дека се финансиски експерти, се деполитизираат, ако воопшто се членови на партијата. Дали тогаш нивниот мандат секако ќе престане и ќе може да бидат повторно избрани за членови на Комисијата.

Меѓутоа, зачудува уште еден факт за разлика од сите досегашни предлози на Владата, се надевам и идни предлози, една од основните причини за предлага и за донесување на законите е усогласување со европското законодавство. Во овој случај постојат две основни причини. Прво, да се измени постојниот состав на оваа Комисија, со цел поставување соодветни “партиски кадри “, послушни кадри, се разбира под превезот на стручноста и совесноста, а втората причина е се поголемата транспарентност во работата на Комисијата. Овој збор “транспарентност” многу често се експлоатира по промената на власта во Република Македонија. Со оглед на времето кое помина од промената на власта до денес, сметам дека на граѓаните на Република Македонија им е доста од транспарентноста

што ја нуди оваа  Влада и сметам дека граѓаните бараат Владата да престане да биде толку транспарентна, за да не го загуби правецот од премногу транспарентност и да се зафати со помалку транспарентни работи, како што се работите кои им ги врети на граѓаните пред изборите.

Уште една многу употребувана и искористувана категорија која ја употребува оваа Влада, а која е составен дел на овој предлог за изменување и дополнување на Законот, тоа е престанок на функцијата поради или стручно или несовесно рабвотење или извршување на функцијата. Дали Владата смета дека со промената на Власт и со враќање на староновите кадри ќе се врати и стручноста и совесноста во извршувањето на нивните функции како во другите органи, така и во оваа Комисија.

Со вака предложните измени и дополнувања сметам дека оваа Влада сака на мала врата да создаде пред се правна несигурност, со самото тоа што го одзема мандатот на постојната комисија со еден член, а од друга страна истата оваа Влада не го утврдува мандатот на Комисијата. Само се вели дека мандатот на сегашниот состав на Комисијата, именувани пред влегувањето во сила на овој закон, престанува со денот на влегување во сила на овој закон. Дали тоа значи дека оваа Влада смета дека тие луѓе кои ќе бидат поставени ќе бидат вечни или со секое ново доаѓање на нов министер ќе се менува и составот на Комисијата за хартии од вредност.

Ваквите минорни предлози за измени и дополнувања на законите на кои основна цел е елиминирање на секој вид професионалност, кој најмногу беше застапен во Министерството за финансии, а не кои Министерството за финансии и владата толку често се повикуваат, не значи ништо друго дека оваа Влада станува се понемоќна и понеспособна за вршрење на крупните работи со кои досега се зафати, а од друга страна успешно справува со незначајните и периферните, пред се, кадровски работи.

(Претседателот Никола Поповски излезе од салата, а со седница продолжи да раководи потпретседателот Агрон Буџаку.)

АГРОН БУЏАКУ:

Реплика за г-динот Јани Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Да се чудам не можам, ама морам да реагирам. Постои еден факт во Македонија, а тоа е дека во Министерството за финансии, освен Никола Груевски, сите други што се вработени се наоѓаат на тие позиции што ги имаа и претходно.

Мислам дека ваков пример со Министерството за финансии толку не држи и толку е надвор од темата, наместо да се зборува за измените на законот и за постигнување некои други поефикасни методи, да се обвинува Владата за неефикасност со погрешен пример апсолутно не држи. Затоа, морам да ја дадам оваа реплика. Се надевам заменикот министер од свој стручен аспект ќе ги дополни другите работи и мислам дека вака неаргументирано не треба да разговараме кога зборуваме за закон кој има своја содржина и своја цел. Да не се обвинува Владата за непотребни работи.

АГРОН БУЏАКУ:

Една минута реплика за г-ѓа Марија Којзаклиска.

МАРИЈА КОЈЗАКЛИСКА:

Јас би сакала да му кажам на г-динот Макрадули дека измените и дополнувањата токму на овој закон се во кадровскиот дел. Не сум надвор од темата.

АГРОН БУЏАКУ:

Има збор г-динот Димко Кокароски:

ДИМКО КОКАРОСКИ:

Сакам да дадам само неколку објаснувања овде. Со измените што ги предлагаме на законот сакаме токму обратно, односно да внесеме правна сигурност и транспарентност, повторно ќе повторам, бидејќи тоа е она што може да се постигне преку супервизијата, преку извештајот и преку публикувањето на извештаите за кои работела Комисијата и да соопшти на јавноста.

Овде прашањето е дали станува збор за вечни  кандидати. Незнам дали госпоѓата пратеник погледнала меѓутоа, кога предлагаме членови на Комисијата, нивниот мандат е определен со седум години. Она За што станува збор овде, понатаму станува збор за дополнителни критериуми. Не се работи за никаква тенденциозност, за она што било предложено па сега тоа да не биде, туку дополнителни критериуми кои ќе ја зајакнат работата на Комисијата во смисла на нејзината стручност, компетентност, професионалност и одговорност, но и деполитизираноста, која ние е потребна во оваа многу чувствителна свера на работа и во операционализирањето на овој закон.

Прашањето дали постојат експерти во Македонија Мислам дека не треба воопшто да не загрижува. Во Македонија постојат експерти и од областа на Корпоративното право и од областа на финансиите кои можат точно според овие критериуми да се вклопат. Намерата која што ни беше и на која имаме забелешки и за која зборував во воведното излагање, конфликтот на интереси сакаме да го

избегнеме. Тоа е услов и за аранжманите со Светската банка, тоа е услов и во нашиот процес на интеграција кон ЕУ, тоа е услов кој што мораме да го задоволуваме во наредниот период и да работиме на тој принцип да се избегнува конфликтот на интересите и законски да се регулира тоа прашање. Според тоа, не станува збор за тенденциозност, станува збор за измени и дополнувања, за подигнувањето на нивото на работата на оваа Комисија во операционализирањето на толку суптилните прашања од спроведувањето на Законите за хартии од вредност, за преземање на акционерски друштва и за инвестиционите фондови.

АГРОН БУЏАКУ:

Реплика за госпоѓата Марија Којзаклиска.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА.

Кога зборував за мандатот на сегашниот состав на Законот за хартии од вредност, во член 12 од Предлогот на Законот за изменување и дополнување на Законот за хартии од вредност пишува дека членот 170 се брише. Во членот 170 од Законот за хартии од вредност т.е. членот што се брише се вели дека мандатот на сегашниот состав на Комисијата за хартии од вредност трае 7 години од денот на нивното именување од страна на Владата на РМ, а одредбите од членот 159 ќе се применуваат по истекот на мандатот на овој состав на Комисиајта. Значи, овој член се укинува, затоа не е определен на членовите на Комисиајта. Затоа сметам дека ќе бидат вечни, додека не дојде нов министер, се разбира.

АГРОН БУЏАКУ:

Има збор пратеникот Славе Арсовски.

СЛАВЕ АРСОВСКИ:

Прво, јас би се согласил со дискутантот Абдулакикога .

Во понеделникот Комисијата за финансирање и буџет се состана иако го немаше она деловничко право 5 дена за поднесвуање на амандмани. Воиднина не треба да се случуваат вакви работи.

Во конкретниот случај за Предлог законот за измен аи дополнување на Законот за хартија од вредност би кажал дека постоеШе потреба од вакви измени и дополнувања и во право е министерот што кажа дека тие се во правец на допрецизирање и проширување на критериумите како за претседателто на Комисијата за хартија од вредност така и за членовите на Комисијата, во смисла на една независност и транспарентност во извршувањето на нивната функција. Не се тоа нови критериуми во постојниот Закон за хартии од вредност, штоне значи дека

не е добар. Во членот 160 ќе забележите дека се пропишани соодветни критериуми. Овие се проширувaат со интенција од тој правец истите членови да бидат и независни, всушност независна е и самата Комисија и тие критериумии треба да се применуваат при избор на истите членови, што не е интенцијата политичка, да се разрешат сите постојни членови и да дојдат нови 7 члена. Повторувам не е тоа интенцијата и тоа нема да се случи. Некој од членовите по сила на закон можеби не може да биде член на истата Комисија. Колку што знам член на Комисијата е и г-динот Никола Груевски.

Понатаму би истакнал тоа што во делот на транспарентноста на работењето на Комисијата е добро тоа што се предлагаат новини односно во однос на средствата што ги остварува и трошењето на истите, се воведува таа обврска која не постоеше во досегашниот Закон за хартии од вредност, изготвување на ревизорски извештај, што е нормално дека ќе се објави, како што е пропишано, самата измена, најмалку во еден дневен лист во Република Македонија и на веп страницата.

Исто так аво делот на остварените приходи добро е што ќе работи по тие основи. Дел од тие приходи, како што истакна заменик министерот ќе се влеваат во Буџетот на Република Македонија , со онаа динамика и оние проценти кои заправо се и предвидени. и во делот на престанувањето на мандатот на членовите на Комисиајта, се разбира, до колку во своето работење, како Што е пропишано, не исполнуваат соодветни обврски за она за што истите се назначени. Од тие причини ставот на пратеничката група на СДСМ е дека овие измени и дополнувања на самиот закон ќе ги подржи.

АГРОН БУЏАКУ:

Има збор господинот Зоран Крстевски.

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

Несомнено дека дел од решенијата што Министерството за финансии односно Владата ги предлага за измена на критериумите за тоа кој може да биде член на Комисијата одат во правец да ја потенцираат неспоивоста на оделни членови со функциите кои ги имаат надвор од Комисијата и тоа би било во ред ако Владата се задржала само на тој предлог. Добро е што Владата увидела грешка за неспоивоста на критериумот да не можат да бидат бирани и оние кои се членови н аполитички партии, па се ограничила само на уставното решение да не можат да бидат членови на органи на политички партии. Но Владата ќе се надминеше себе и ќе останеше на некои реформски курс, ако не го вметнеше членот 13, па можеби и во членот 6

постојната алинејата во која го вметна критериумот не стручно и не совесно работење што волонтерски го определуваме кога се работи за отстранување на членови на било кое тело па и на оваа Комисија.

Членот 13 заправо му дава една друга димензија на овој закон и го става во таканаречени револуционерни закани со кои се сака нешто да се постигне, што не може во редовна постапка на почитување на правниот поредок.

Кога законодавецот во овој основен закон предвидел 7 години мандат, токму тоа му била целта, тој институт да гио заштити од честите или било која промена на власт која дирекно ќе влијае на целосна промена на персоналниот состав на телото односно на институцијата. Не постои ни една причина зошто тој член. После гласањето на овие измени јас тоа би го разбра така , членовите кои не ги исполнуваат условите, некои од условите во членот 6 од Предлог измените на законот да отпаднат од членството.

Посебно не ми е јасно кога, за компетентноста, за резултатите од досегашната работа на Комисијата за хартии од вредност имаме позитивни оценки, како внатре во државата, така и од ММФ и Светската банка. Уште полошо е што знаеме и кој е персоналниот состав кој во секој случај ги исполнува критериумите и според поранешниот и според сегашниот закон, еминентни професори, познавачи на материјата, признати и во работната средина и во финансиската сфера. Според тоа мислам дека Валдата требаше да си се надмине себе, во времето кога ја дадовме критиката на Комисиајта за финансии и Буџет и денешната седница, да го повлечеше членот 13. Имаше доволно простор со новите критериуми да има и соодветно влијание во дополнувањето на членовите на Комисијата, што не е ништо страшно. Секој оној што доаѓа на власт сноси политичка одговорност и треба да има иницијатива и во кадровските решенија. Се надеваме дека нивото на компетентност што оваа Комисија ја имаше, а таму беше еден поранешен заменик гувернер на Народна банка, директор на една голема банка, таму беше компетентен министер до вчера , таму се неколку професори, утре веројатно некој виден стопанственик ќе се стави. Мислам дека Владата треба да го повлече членот 13 и да остане на реформски курс, а не вака да ослободи енергија, утре со таков зафат да се менуваат персоналните состави на телата кои имаат мандат повеќе од мандатот на политичките гарнитури, се со цел да бидат што понезависни во носењето на своите одлуки.

АГРОН БУЏАКУ:

Збор има заменикот минситер за финансии господинот Кокаревски.

ДИМКО КОКАРОСКИ;

Она што сакаме да го направиме со овие измени и дополнувања на Законот за хартии од вредности оди во правец на она што зборуваме , мандатот од 7 години да не се поклопува со изборниот цикслус, за независна стручна комисија. Меѓутоа сакам овде да напоменам, ние овде не зборуваме за персонали решенија, што не значи дека дел од професори и членови кои биле членови на таа Комисија не може пак да бидат предлог. Но тоа ќе го направи Владата , а ќе расправа Парламентот на една од наредните седници. Значи за персонални решенија овде не станува збор. Затоа и претходно реков, во Македонија има експерти и од корпоративното право и од финансии. Ние сакаме само да ја поминат таа процедура што не е во претходниот состав поминато, Владата и Собранието на Република Македонија а за тоа ќе имаат можност пратениците да го видат тој предлог, да зборуваат и разговаат за тој предлог или афирмативно или критички.

АГРОН БУЏАКУ:

Има збор пратеникот Слободан Најдовски.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Почитуван потпретседателе, почитувнан заменик министер, колеги пратеници,

Дел од она што сакав да го кажам, заменикот министер во ова дополнително објаснување го кажа.

Сонеколку реченици би сакал да го изнесам своето мислење по однос на овој закон, а тоа е прашањето на членот 12 од предложените измени кои се состои во бришење на член 170 од Законот за хартии од вредност.

На Комисиајта за Финансирање и буџет ние разговаравме за овој закон и ако немавме можност да поднесеме амандмани по однос на законот, нашите размислувања што од страна на Министерството за финансии се прифатени по однос на членвуањето од политички партии, денес е предложена измена со амандман од страна на Владата.

Во однос на вторито дел каде што неколку пратеници предлагаат да се брише членот 13, мислам дека одиме во едн аконтрадикторност. Која е контрадикторноста?

Изгледа дека ние како пратеници често пати кога дискутираме дека ни се одземени одредени права и ги решава, дали Владата или други институции во државата, а се прескокнува Собранието. Имено, се работи за следното:

Сметам дека , напротив, пратениците од опозицијата треба да го подржат овој закон и овој член, од едноставна причина.

Во основнито закон за хартии од вредност, во член 159 стои дека претседателто и членовите на Комисиајта именув аи разреува Собранието на Република Македонија на предлог на Владата на Република Македонија . Претседателот и членовите на комисиајта се именуваат за период од 7 години, со право на повторен избор. Ова е член кој им дава големи права на пратениците т.е. на Собранието, да ги именува членовите и претседателот на Комисијата за хартии од вредност.

Она што е негативно во овој постоечки закон е членот 170 од тој закон. Тој член е преодна одредба каде што Владата, претходната Влада која беше во изминатите 4 години се ставила над Собранието на Република Македонија со своја преодна одредба на законот и си го зела правото таа да ги именува членовите на првата комисија и претседателто на првата комисија за хартииод вредност во Република Македонија . Во тој случај можеме да зборуваме за скратени права и можности на Собранието на Република Македонија .

Со предложените измени, ова што сега ни го предлага Владата нис е дава можност нас, на пратениците, да одлучуваме кои ќе бидат идните членови и претседател на Комисиајта за хартија од вредност. Затоа уште еднаш ќе повторам баш ме зачудува залагањето на опозицијата, овој член да остане односно постоечките членови на Комисијата да останат, спротивно од одредбите на член 159 од постоечкиот закон за хартии од вредност.

Ако ја критикуваат оваа Влада дека има одредени намери со смена на членовите на Комисиајта, тогаш го потврдуваат фактот дкеа тие поставиле свои луѓе, неоправдано бидјеки во тие луѓе, кои се членови на Комисијата има стручни квалитетни луѓе. Но со самото предлагање членот 13 од предложениот закон, од позицијата потврдува дека своевремено си поставиле свои луѓе во Комисијата за хартииод вредност. Затоа како пратеници на Собранието треба да го подржиме овој закон, посебно членот 13 бидејки ни се даваат ингеренциите токму на нас пратениците да го именвуаме претседателот и членовите на Комисијата за хартија од вредност.

АГРОН БУЏАКУ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејки никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следнито заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменвуање и дополнување на Законот за хартии од вредност.

Ве молам, да гласаме.

Гласале 56 пратеници.

Бидејки немаме доволне број на пратеници во салата, ги молам сите пратеници кои се надвор од салата да влезат во салата за да гласаме.

Ги молам службите да утврдат точен број на пратеници во салата.

(Со седницата продолжи да раководи претседателто на Собранието Никола Поповски).

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Во моментов имаме 61 пратеник во салата.

Го ставам на гласање следниов заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменвуање и дополнвуање на Законот за хартии од вредност.

Ве молам да гласаме?

Гласале 57 пратеници, 51 за, 3 воздржани и 3 против.

Во моментот на гласање имаше 62 пратеници.

Констатирам дека заклучокто е усвоен.

(Пратеникот Илјаз Халими интервенира од место околу бројот на присутните пратеници во салата при гласањето).

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам за интервенцијата, очигледно 5 пратеници не гласале, а биле присутни во салата.

Во салата имаше 62 пратеника, сега излегоа 2 и сега не можеме да гласаме.

(Пратеникот Халими пак од место зборува).

Господине Халими барате збор деловнички или дофрлувате.

(Пратеникот Халими од место кажува дека не важи гласањето).

Не важи затоа што излегоа пратеници. Ве молам, седете си на место, ако не барате збор, јас ја водам седницата. Немојте така со забелешки.

Сега ги молам службите, ве молам да не дофрлувате, барајте збор ако треба.

Ги молам службите повторно да изборјат присутни пратеници.

Во моментот има 60 пратеници.

Дајте уште ова да го изгласаме, па ќе одиме на пауза.

После да не се чудиме зошто Комисијата за избори и именувања носи, согласно Деловникот, казни.

Денеска ако го видиме списокот на потпишани присутни пратеници бројот надминува 100, а сега сме 60 во салата, а нема ни два и пол часа откако работиме.

105 пратеници потпишале дека се присутни денеска. Ова значи дека имаме мртви души потпишани на списокот, а ги нема во салата.

Во салата има 61 пратеник.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претреси и Предлогот на законот.

Ве молам, да гласаме.

Вкупно гласале 59 пратеници, 54 за, 2 воздржани, 3 против, а во салата има 61 пратеник.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 3, член 5, член 6 за менување на воведната реченица и за додавање нов став 2 по ставот 1, за додавање нов член 6-а по членот 6, член 7 за додавање нов став 3 по ставот 2, член 9 во новиот член 163-а став 2 и на член 13.

Пратеникот Ефтим Манев поднесе амандмани за менување на член 5, за менување на член 6, за менување на член 12 и за бришење на член 13, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Ефтим Манев поднесе исправка на амандманот за менување на членот 6.

Владата на Република Македонија поднесе амандман на член 6 алинеа 1 и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Цветанка Ивановска и Зоран Томиќ поднесоа амандман на член 7 за додавање нов став 3 по ставот 2, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 3, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г. Кокароски.

ДИМКО КОКАРОСКИ:

Амандманот се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот станува составен дел на предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 5 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман исто така се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г. Кокароски.

ДИМКО КОКАРОСКИ:

Амандманот се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот станува составен дел на предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 6 за менување на воведната реченица и за додавање нов став 2 по ставот 1, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман исто така се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г. Кокароски.

ДИМКО КОКАРОСКИ:

Амандманот се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот станува составен дел на предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 6-а по членот 6, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман исто така се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г. Кокароски.

ДИМКО КОКАРОСКИ:

Амандманот се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот станува составен дел на предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 7 за додавање нов став 3 по ставот 2, поднесен од Законодавно-правната комисија.

И со овој амандман исто така се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г. Кокароски.

ДИМКО КОКАРОСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

Дали некој бара збор по амандманот? (Никој).

Го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 64 пратеници, 9 за.

Констатирам дека амандманот не е прифатен.

Отворам претрес по амандманот на член 9 во новиот член 163-а став 2, поднесен од Законодавно-правната комисија.

И со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г. Кокароски.

ДИМКО КОКАРОСКИ:

Амандманот се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

Констатирам дека тој станува составен дел на предлогот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 13, поднесен од пратеникот Ефтим Манев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г. Кокароски.

ДИМКО КОКАРОСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

Дали некој бара збор?

Амандманите се подредени по некој логичен ред и законот ги предизвикува, а не по редот на поднесување.

Господинот Ефтим Манев.

ЕФТИМ МАНЕВ:

Член 13 од Предлог законот предлагам да биде избришан од причини што истиот е против законит и законот го прави неконзистентен, бидејќи истиот е прилично рестриктивен со еден закон кој имало некоја правна регулатива која била во позитивна насока, избрано тело, легално, и сега со предложениот член 13 мандатот на таквото тело му престанува во некоја пловина или четвртина, јас не знам од кога е тоа тело поставено, што сметам дека е една лоша пракса за правниот систем во Македонија и не би се постигнало ништо на ваков начин кога би оделе во одредени тела од некои претходни собранија или влади да ги прекратуваме со закон, сметам дека е крајно штетно за правниот систем на Република Македонија.

За правно регулирање на исправноста или компетентноста на членовите на таквата комисија има прилично решенија дадени во предлог законот каков треба да изгледа членот на Комисијата, кои услови да ги исполнува и

веројатно истата комисија ќе дојде да биде во голем дел изменета по еден друг основ отколку со закон да им престане мандатот.

Од тие причини сметам дека овој член самата Влада треба да го повлече како би имале еден пореален и правен систем во државата.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Бидејќи никој повеќе не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, 10 за.

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Ги молам службите да пребројат колку имаме присутни пратеници во салата.

Имаме 63 присутни, а гласале 64.

Гласањето го поништувам, ве молам никој да не притиска за луѓе кои не се присутни во салата.

Повторно го ставам на гласање амандманот.

Претходното гласање го поништувам.

Ве молам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 7 за.

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 13, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г. Кокароски.

ДИМКО КОКАРОСКИ:

Амандманот се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот се прифаќа и станува составен дел на предлогот.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 5, поднесен од пратеникот Ефтим Манев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г. Кокароски.

ДИМКО КОКАРОСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

Дали некој бара збор?

Има збор господинот Ефтим Манев.

ЕФТИМ МАНЕВ:

Со предложениот амандман на членот 5 во суштина не се менува ништо од предложениот предлог од страна на Владата. Со истиот се постигнува поквалитетна одредба од правно-техничка природа, бидејќи Владата на членот 157 на точка 5 каде што не му е местото на измените кои ги предлага и ги надоврзува како опашка каде стои во членот 5 “Комисијата формира стручна служба со која раководи директор”, точката ја брише и продолжува кој го бира директорот, какви услови треба да има, а истото нешто е опфатено со амандманот така што се ставаат нови потточки точка 6 и точка 7 каде е прилично јасна дефиницијата истата која ја предложила и Владата, но по одредени точки, додека точката 7 станува точка 8.

Бидејќи Владата предлага на Законодавно-правната комисија да изврши пречистен текст јас не знам кои биле причините Владата не го следела на овој начин како што е предложено со амандманот и така го ставила во една точка и тоа повеќе одредби кои припаѓаат токму на таа точка каде што е ставено.

Од правна природа во суштина не се менува ништо тука се истите правни норми кои ги предлага Владата, а со амандманот се предлага само нивно подобрување уште во две точки, па за да имаме еден далеку поквалитетен закон, почист, по прегледен, Владата би требало да го прифати и да гласаат пратениците, бидејќи ништо не се менува во суштина.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Бидејќи никој повеќе не бара збор, го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 64 пратеници, 8 за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 6, поднесен од пратеникот Ефтим Манев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г. Кокароски.

ДИМКО КОКАРОСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

Господине Манев, мислам дека е инкорпориран.

Има збор господинот Ефтим Манев.

ЕФТИМ МАНЕВ:

Бидејќи овој амандман и даде поттик на Владата да поднесе амандман и сметам дека поднесеното решение е поадекватно, барем зборовитге кои се ставени, со нивниот амандман со кој се менува членот 60 алинеа 1, од тие причини го повлекувам мојот амандман, мислам дека е поквалитетен владиниот збор.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 12, поднесен од пратеникот Ефтим Манев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г. Кокароски.

ДИМКО КОКАРОСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

Дали некој бара збор?

Има збор господинот Ефтим Манев.

ЕФТИМ МАНЕВ:

По оваа правна одредба имаше дискусии во општиот дел, сметам дека имаше различни размислувања, па од таа причина е поднесен амандманот, бидејќи со членот 12 се брише членот 170 со кој е одреден мандатот на стручната комисија за хартии од вредност што сметам дека не може да остане една комисија без мандат иако истото е регулирано во членот 159, сепак сметам дека Комисијата има свој мандат и не може да биде бришан тој член во некојај половина или средина од нивниот мандат што создава крајна несигурност во иднина при формирање на било какво тело да не знаат, барем членовите на тоа тело, кога се работи за луѓе со повисоки знаења - експерти дека некој предвидел 7 години да му престане мандатот за една или две години, јас не знам колку е.

Таквата одредба и покрај тоа што е против законска и го прави правниот систем многу несигурен, па од тие причини предлагам предложениот амандман да биде усвоен, а веројатно кога ќе истечат тие 4 години од нивното формирање што е еден стандарден мандат, Владата ќе треба да интервенира и во членот 159 така што да биде усогласен мандатот кој е сепак мандат од 4 години, стандарден мандат како што е Собранието, пратеници, Влада, поголемиот дел од работите кои се извршуваат и комисиите кои се формираат се формираат за 4 години.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам

Бидејќи никој повеќе не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, 9 гласале за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 7, за додавање нов став 3 по ставот 2, поднесен од пратениците Цветанка Ивановска и Зоран Томиќ.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по амаднманот.

ДИМКО КОКАРОСКИ:

Амандманот се прифаќа.

Благодарам.

Констатирам дека амаднманот станува составен дел на текстот на Предлогот.

Продолжуваме по претрес по текстот на Предлогот на закон.

Дали некој бара збор?

Никој не бара збор.

Го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на закон го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 65 пратеници, за гласале 52, 6 воздржани и 7 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за хартии од вредност.

Осма точка - Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за здравствено осигурување, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот, Мислењето на Владата, дописот на Законодавно-правната комисија и Извештајот на Комисијата за здравство Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Господин Најдовски.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Почитуван претседателе, колеги пратеници, претставници на Владата,

Морам да признам на почетокот дека законот кој што го предложив за измена на Законот за здравствено осигурување и здравствената област не се некој посебен фах, но предлогот кој што го предложив е врз основа на разговори и барања од професионални установи кој што се занимаваат со оваа дејност и Здружение невладини организации кои во рамките на своите активности имаат пред се заштита на децата и лицата со посебни потреби.

На сите ни е познато дека со Законот за здравствено осигурување е предвидено да лицата кои што се корисници на здравствени услуги и лекови е предвидено да плаќаат и соодветно учество со лични средства, односно во јавноста познатата таканаречена партиципација за здравствените услуги.

Во член 34 од споменатиот закон за здравствено осигурување, одредено е и кои се категориите на корисници на услуги кои што се ослободуваат од плаќање на учество или таканаречената партиципација.

Со овој предлог на закон што го предлагам за измена на Законот за здравствено осигурување предлагам дополнување на членот 34 да се додаде нова алинеја со која што децата со посебни потреби според прописите на социјалната заштита ќе

бидат ослободени од учество, односно од партиципација при користење на здравствните услуги.

Согласно прописите од сферата на социјалната заштита и Законот за заштита на децата во член 2 од тој закон е регулирано да се регулирани прашањата за заштита на децата и регулирано дека заштитата на децата претставува организирана дејност, заснована на правата на децата и обврските на родителите и државата при издржување, подигнување, грижата и заштитата на децата. Исто така, во член 8 од споменатиот закон за заштита на децата и е регулирано што се смета како деца и тоа се лица кои се до 18 годишна возраст, односно до 26 годишна возраст за лица со пречки во физичкиот и психичкиот развој. И во член 25 од истиот закон се појаснуваат кои се тие посебни потреби на лицата со посебни потреби. Пред се тоа е физичка инвалидност, ментален хедикеп, најтешки облици на хронични заболувања и други.

Со предложениот закон кој што јас го предлагам и го имаме на денешнава седница се регулира партиципацијата само на дел од лицата со посебни потреби, т.е. само на децата со посебни потреби. Сигурно дека и во Парламентот и Владата понатаму треба да размислуваме за проширување на членот 34, кој што не би се однесувал само на децата, него на сите лица со посебни потреби, но во овој момент сметам дека врз основа на оние согледувања до кој што јас можев да дојдам и врз основа на она што би значело во овој момент оптоварувањето на Фондот за здравство, сметам дека е добро да го направиме првиот чекот, а тоа е во овој момент да донесеме закон само за децата кои што се со посебни потреби, а понатаму  повторувам да размислуваме за проширување на овие основи бидејќи заштитата и грижата за децата треба да ни биде основно на сите нас не само пратениците, него и пошироко на јавноста. Образложението не би сакал посебно да го давам, има во предлогот на законот, само со уште неколку зборови сакам да кажам дека овие деца со посебни потреби се сепак деца кои што изискуваат и поголеми трошоци во семејствата, од друга страна често пати настануваат и трауми и компекси и негативни состојби, особено кај најмладите лица кои што се со посебни потреби.

Со овој предлог сметам дека ќе направиме уште, да речам прв чекор кон решавање на наталожените проблеми кон лицата со посебни потреби и ќе се вклучиме во годината на лица со посебни потреби која што оваа година е прогласена и се надевам дека пртениците ќе го усвојат овој закон со оглед на тоа што и Владата во Мислењето кое што го достави до пратениците има позитивно

мислење и сметам дека е добро барем да биде прв закон усвоен, предложен од пратеник во Собранието на Република Македонија во овој состав.

Ви благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Госпоѓа Ана Андова.

АНА АНДОВА:

Благодарам господине претседател,

Причините поради кој предлагачот господинот Најдовски и образложенијата кој ги имавме пред нас доставени и сега членовите нема да ги коментирам не е тоа цел на моето јавување, меѓутоа сакам да истакнам еден друг момент во врска со мислењето на Владата по предложениот закон.

Јас само сакам да укажам и да ја поздравам тенденцијата на користење на прецизна научна терминологија заради тоа што со тоа се постигнува и една друга цел, се спазува и една многу важна димензија хуманата димензија и принципот на недискриминација во дефинирањето на карактеристиките на одредена популација. Исто така, сакам да кажам и да се навратам, ние тие посебни потреби на децата на некој начин ги дефиниравме во една претходна расправа мислам пред месец или два во врска со Законот за социјална заштита. Во европските и во светските прописи одамна е вградена оваа терминологија и јас се надевам во натамошните законски проекти или изменувањето и дополнувањето на постоечките наместо кај нас одомаќените ќе ги користиме оние термини кои се употребуваат во Европа и во светот. Само по себе тоа значи дека и по тој критериум нашите закони ќе бидат препознатливи во стандардизирањето и форматирањето спрема европските и светските стандарди. Не само поради овие причини туку и поради потребата да се донесе овој закон јас ова дополнување на постоечкиот закон, јас ќе го поддржам истото. Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Ние во Парламентот сме сите од постарата генерација. Ми се чини дека стручниот термин е едноставен превод од латински на македонски. Од специфичен посебен е само превод, иако е превод на македонска терминологија. Се сложувам. Благодарам.

Господин Гештаковски.

КИРЕ ГЕШТАКОВСКИ:

Господине претседателе, господин заменик министер за здравство, почитувани колеги,

Како овластен известител на Комисијата за здравство на Собранието на Република Македонија сакам да го изнесам ставот на Комисијата.

Комисијата за здравство констатира дека има потреба од донесување на овој закон, предложеното решение во Законот за здравствно осигурување има не само хуман, туку и социјален карактер. Исто така, преку ова се реализира и начелото на солидарноста меѓу осигурениците. По текстот на Предлогот на законот Комисијата не предложи изменувања и дополнувања, Комисијата со 6 гласови за и 3 против заклучи да му предложи на Собранието да го донесе Законот за дополнување на Законот за здравствено осигурување.

И сосема на крајот само две реченици од мое лично име. Како доктор специјалист по педијатрија секојдневно се среќавам со овие проблеми на дечињата и одлично ги знам нивните мајки. Посебно ова се однесува за децата со оштетен вид, слух и говор кој обавуваат повеќегодишни вежби а за секое јавување кај лекар им беше потребно да носат зелен картон и да плаќаат партиципација. Со оваа измена барем ќе им ја намалиме нивната мака.

Ви благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господин Оровчанец.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Благодарам.

Јас ќе се сложам во неколку елементи кои што беа презентирани и пред Комисијата и овде дека треба да имаме еден посебен однос кон хендикепираните лица и лицата со специфични потреби и со новата терминологија со посебни потреби. Меѓутоа, би нагласил само дека на овој начин правиме одредена дискриминација  према други хендикепирани деца. Многу поголем хендикеп е дете да има јувинијен дијабет, многу поголем хендикеп е дете да има астма, а тој број на деца се многу поголеми. Нив не ги ослободуваме од партиципација.

Со овој закон само одредена група на деца кои се дефинирани како група во Законот за социјална заштита и Законот за социјална заштита на децата, тој статус е регулиран во Законот за социјална заштита. Според мене, оваа потреба требаше да се прелоцира не во Законот за здравствено осигурување, туку во доменот на социјалата и трудот, затоа што овие лица  кои се хендикепирани, здравствената

заштита не може да го реши нивниот проблем. Тие се дефинитивно хендикепирани. Нивната хендикепираност не само како деца, и понатаму во животот, практично до крајот на животот хендикепираноста не се намалува, односно само се продлабочува и тие се практично на некој начин лица кои имаат потреба од специјална социјална грижа.

Мислам дека би било подобро овој закон да го донесевме во таа сфера. На овој начин сметам дека правиме дискриминација кон голем број на деца кои се исто хендикепирани со својата болест од една страна, а од друга страна немаме ниту правилни сознанија беше кажано на Комисија дека финансиските ефекти во Фондот се минорни, меѓутоа, не се дефинирани. Ние не знаеме.

Ќе го изнесам мојот личен став дека лично ќе гласам за овој закон, меѓутоа сметам дека работите треба на друг начин да ги сегментираме. Тоа што е социјала, да знаеме дека е социјала, а тоа што е здравствена заштита и здравствено осигурување, солидарно да биде и тоа, и да немаме дискриминаторски однос кон овие работи.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Има збор госпоѓа Поповска.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам господине претседателе, почитувани колеги пратеници,

Го поддржувам Законот и сметам дека е крајно време во Парламентот да почнеме да се занимаваме и со овие проблеми, со решавање на проблемите на овие специфични категории на наши сограѓани кои, навистина, се среќаваат со сериозни пречки во нормалното функционирање. Би сакала само нешто да додадам и да го замолам предлагачот, а и претставникот на Владата да размислат за евентуално дополнување и проширување на овој предлог закон во една сфера. Имено, во поглед на возраста на деца кои ќе бидат опфатени. Законот зборува за деца, значи има ограничување според возраста. Меѓутоа, кај лицата со посебни потреби има различни категории. Меѓу нив се лица со интелектуална попреченост. Сите сме свесни дека за лица со интелектуална попреченост староста на живот навистина не може да се третира на ист начин како кај другите лица. Колку одат годините понатаму, потребите на тие лица и нивните семејства дури и се зголемуваат, трошоците се зголемуваат а не да се намалуваат. Така што, на некој начин мислам дека ќе биде неправедно, нема да може со овој закон до крај да се

опфатат и оние лица со интелектуална попреченост кои ја надминуваат границата за деца, што е предвидена во овој предлог на закон.

Затоа би молела да се размисли, евентуално да се преформулира законот во таа смисла.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Има збор господин Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Би го поддржал предлогот за донесување на овој закон од повеќе аспекти пред се поради хуманата цел. Би се согласил, дали тоа ќе биде од Фондот за здравство или во социјалната сфера, мислам дека местото му е повеќе во социјалната сфера, се работи за оној круг на деца кои подолг период ќе треба да се лекуваат па затоа ќе треба да се обрне повеќе внимание.

Би сакал да проговорам во името на Заводот за рехабилитација, слух, говор и глас од Битола, затоа што мислам дека дел од тие штитеници се токму од таму, а предлогот доаѓа токму од нивна страна, па морам да кажам дека луѓето завршија огромна работа во однос на работењето со овие деца. Значи, тоа што значи работа во областа на дефектологијата, логопедијата и аудиометријата, пред се на овие деца од 7 до 8 годишна возраст. Последните години овој Завод бележи мошне добри резулати. Трикратно го зголеми опфатот на тестираните деца, намалување на стационирано згрижени деца и опремување со современа техникад преку донации, пред се од фондацијата “Благовестие” и целосна примена на принципот на инклузија. Значи, останување на детето во неговата природна средина, училиште или градинка, а притоа повеќекратно се намалуваат трошоците, константно се намалуваат тропоците во работењето во најнужна мерка.

Инаку, оваа установа оди на маргинална здравствена установа. Заводот се трансформира во ценета организација на државно ниво, за што сведочи прилив на пациенти од сите краеви на Република Македонија. За жал, корисници на здравствените услуги на овој Завод се токму деца со посебни потреби во делот на говорот, гласот и слухот. Најчесто овие недостатоци, се проследени со други видови хендикеп. Сметам дека со предложената измена на Законот ќе се овозможи непречен пристап до сите деца со вакви видови на недостатоци, бесплатен пристап, а тоа ќе доведе до превентивно постапување, односно до најсигурното вложување во здравството. Најсигурното и најефтиното. А, резултатот би бил здрава детска

популација, спречување на евентуалните подоцнежни долги, компликувани и скапи, најчесто стационарни лекувања, евентуални комплекси, фрустрации и слично.

Конечно, грижаа за здравјето на децата е пред се грижа на сите нас и на државата. Се работи за најмладата категорија на пациенти која најповеќе чувствува потреба од овој закон и затоа јас лично ќе го поддржам и ќе гласам за законот.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Бидејќи никој повеќе не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за дополнување на Законот за здравствено осигурување.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 71 пратеник, 69 за, 1 воздржан и 1 против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

Гласале 68 пратеници, 65 гласале за, 2 воздржани и 1 против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Фатмир Асани поднесе амандмани за додавање нов член пред членот 1 и за менување на член 1, по кој предлагачот не се произнел.

Предлагачот на законот пратеникот Слободан Најдовски поднесе амандман на член 1 став 1 и тоа е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пред да отворам претрес по амандманите, со оглед дека предлагачот ме извести дека нема да ги прифати тие што се предложени, значи ќе има расправа по нив, очигледно, а веќе помина 14,00 часот, давам пауза до 15,оо часот, продолжуваме со дебата по амандманите.

(Пауза од 14,оо часот до 15,20 часот)

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Продолжуваме со работа.

Пред да продолжиме со работа да ве известам дека ќе работиме до 17,оо или 17,30 часот, за да го завршиме законот.

Утре ќе продолжиме со работа во 10,оо часот, а ќе завршиме во 16,оо часот, ако не завршиме ја прекинуваме.

Продолжуваме со работа.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член пред членот 1, поднесен од пратеникот Фатмир Асани.

Го молам предлагачот да се произнесе по амандманот.

Господин Најдовски.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Се прифаќа со оглед на тоа што предложениот амандман не се однесува на овие измени кои што јас ги имам предложено со Законот за измена на Законот за здравствено осигурување, а се однесува за сосема друг член и сметам дека не е во можност да се прифати. Од тие причини не го прифаќам овој амандман.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Дали некој бара збор?

Господин Асани.

ФАТМИР АСАНИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Во ваквите околности какви што сме ние, кога имаме голема социјална несигурност, не е воопшти во ред да продолжиме и натаму со стеснување на социјалниот простор. Има многу случаи кога на пациентите им е потребно да патуваат до Клиничкиот центар во Скопје за да добијат неопходна медицинска услуга. Ова се случува во случаи кога една ваква услуга, амбулантна или болничка не е можна во неговото населено место, поради тоа што здравствената организација во местото не поседува таква медицинска апаратура. Затоа, треба да се има во предвид фактот дека патувањето од Струга или Струмица, или Битола до Скопје ја има и својата цена, цена која што за голем број на семејства во денешни услови има дополнителни потешкотии. Јас како лекар со големо лично искуство во минатото велам плаќањето на патните трошоци во многу случаи имало позитивен ефект и ефект во медицинската услуга и нега за здравството на граѓаните.

За разлика од тоа денеска голем број на пациенти не добиваат патни трошоци за клиниките во скопје поради финансиските потешкотии што ги имаат тие, или не земаат упат за да одат во Скопје. Мислам дека во вакви случаи треба да имаме еден похуман приод подржувајќи го предложениот амандман, затоа што ќе им помогнеме на пациентите во негувањето на нивното здравје.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам на гласање.

Гласале 61 пратеник, 12 гласале за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 1, поднесен од пратеникот Фатмир Асани.

Го молам предлагачот на законот да се произнесе.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

И овој амандман не се прифаќа.

Јас уште во воведното излагање по однос на образложението на законот истакнав дека е ова еден прв чекор кон подобрување на состојбата во сферата на здравственото осигурување.

Амандманот како амандман вреди за размислување, но во овој момент врз основа на анализите и разговорите што ги имав со надлежните институции би било добро сега да го прифатиме само основното решение, како што е предложен, бидејќи ова што е предложено во амандманот, не велам дека не е добра работа, но во овој момент сметам дека сеуште не се создадени условите за на ваков начин да се предлага решението. Од тие причини амандманот не го прифаќам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Молам, дали некој друг бара збор?

Има збор господинот Асани.

ФАТМИР АСАНИ:

И во овој случај би рекол дека тешката социјална состојба ме принуди да предложам еден ваков амандман. Што се однесува до пациентите, посебно младата генерација до 18 години кои е добро да се ослободат од партиципација како и за децата со посебни барања.

Значи, сите деца, до 18 години да не плаќаат партиципација за лекарските, за медицинските слуги. На овој начин, во услови кога имаме економски тешкотии и тешки социјални услови, тогаш државата треба да биде таа што треба да изрази солидарност со оваа категорија на граѓани имајќи го на товар и покривањето на трошоците што се нарекува партиципација. Само на таков начин ќе го помогнеме здравјето на младата генерација кои се наша иднина.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој)

Го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, за амандманот гласале 19.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по предлогот на законот.

Молам, дали некој бара збор по текстот? (Никој)

Го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 68 пратеници.

62 гласале за, 4 воздржани и 2 против.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за дополнување на Законот за здравственото осигурување.

Минуваме на точка 9 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за патните исправи на државјаните на Република Македонија, со Предлог на закон.

Тука ли е господинот Замир Дика денеска? (Не е)

Ако не е тука господинот Замир Дика, сега да ја прескокнеме оваа точка до затворање на седницата.

(Господинот Матоши се јавува за збор во име на господинот Замир Дика објаснувајќи дека бил овластен)

Не можете како предлагач вие, не сте потпишан. Само Замир Дика е предлагач единствен, за жал, така е потпишан. Тие работи не се едноставни. Ако не е тука господинот Замир Дика, таа точка се скока, а сега како што реков ја прескокнување до затворање на седницата.

(Господинот Илјаз Халими бара збор процедурално)

Ќе ви дадам збор процедурално.

За збор се јави господинот Матоши.

РУЖДИ МАТОШИ:

Јас како заменик координатор на парламентарната група на ДПА имам право да ја елаборирам темата за која што сакаме да дискутираме. Таа тема е на дневен ред и имам овластување од шефот на парламентарната група и сакам да дебатирам во врска со оваа точка од дневниот ред.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

До Собранието законот го има доставено господинот Замир Дика и тој е претставник на предлагачот. Не може друг да биде. Немаме услови по таа точка да работиме.

(Илјаз Халими од место - го овластил него за да го образложи)

Господине Халими, па вие бевте потпретседател 4 години, ако требало господинот Замир Дика друг претставник требало писмено тоа да го направи. Не може на усмено изговорено во Собранието на Република Македонија тоа да го правиме.

(Илјаз Халими од место - јас и во Комисијата тоа го предложив)

Собранието, писмено до мене никој нема доставено, а тоа никој подразбира Замир Дика, дека има друг овластен предлагач во негово име. Така што не можеме по таа точка да работиме, вие тоа добро го знаете. Ако сакал да овласти друг, можел тоа писмено да го направи.

Минуваме на точката 10 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за празници на Република Македонија, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со предлог на законот, Мислењето на Владата на Република Македонија и дописи на Законодавно правната

комисија и Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците, ви се доставени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Има збор господино Прешоски, предлагач на законот.

КОСТА ПРЕШОСКИ:

Господине претседателе, почитувани претставници на Владата на Република Македонија, колеги пратеници,

Иницијативата за изменување и дополнување на Законот за празниците во Република Македонија потекна од Унијата за култура на Власите од Република Македонија, со доставување на нивно барање до мене.

Дозволете, како подносител на предлогот за донесување на законот за изменување и дополнување на Законот за празниците во Република Македонија, со предлог на закон, да се задржам накратко на причините за неговото донесување. Во предлогот тоа е регулирано со амандманот ВИИИ од Уставот на Република Македонија став 1 и став 2. Врз основа на овие одредби од Уставот и историскиот факт дека на 23 мај 1905 година Отоманскиот султан Абдул Хамит ИИ со ираде, односно декрет ги призна Власите за народ, мислам дека тоа е доволна причина да се озакони овој ден како посебен празник на заедницата на власите. Националниот ден на власите е 23 мај, беше прогласен за таков на Вториот конгрес на Власите одржан во 1988 година во Фрајбург - Германија, како една од точките на изгласаната конгресна револуција. Овој датум е земен за ден на власите поради тоа што во тој период декретот беше прв и највисок акт кој го признаваше и потврдуваше националниот идентитет на власите. Со тоа се овозможи издигнување на националната свест кај власите и стекнувањето на посебен статус во рамките на Отоманската империја.

Како посебен аргумент што треба да се истакне е тоа што влашкиот народ во Република Македонија во минатото и сегашноста го карактеризира беспримерната лојалност кон својата држава. Таквата лојалност се искажувала и се искажува во голем обем и јак интензитет, од проста причина што власите во Македонија се судбински врзани за неа и затоа што таа им е една и единствена. Власите во Република Македонија се одликуваат и со навистина еден висок патриотизам кон својата држава кој што не еднаш бил манифестиран на дело. Тие го прославуваат овој ден од 1989 година, скромно и без голема помпезност, а по 1991 година, т.е. по стекнувањето на независноста на Република Македонија, кога се

формираа здруженија на Власите, овој ден се става во сите нивни статути, а од 2001 година и во статутите на политичките партии на власите.

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Мислењето на Владата на Република Македонија по ова прашање за мене е ирелевантно и бидејќи воведувањето на националниот ден на власите треба да биде посеопфатно согледано. По ова прашање од национален, историски, културен и друг аспект треба да се консултираат и произнесат соодветни научни установи и научни работници, го повлекувам засега предлогот за донесување на законот за изменување и дополнување на Законот за празници во Република Македонија.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Го повлековте законот?

Благодарам.

Законот е повлечен, со тоа точката на дневен ред е завршена.

Точка 11 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Република Македонија и Република Бугарија за социјално осигурување, со Предлог на закон.

Имаме ли претставник на Владата на Република Македонија? Да.

Предлогот за донесување на законот, со предлогот на законот, извештаите на работните тела на Собранието и дописот на Владата на Република Македонија ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на законот.

Дали некој бара збор?

Господин Мешков.

ЉУПЧО МЕШКОВ:

Донесувањето, односно ратификацијата на овој договор што денеска треба да уследи на Собранието на Република Македонија, треба да ја поздравиме заради тоа што секое донесување на било од која област меѓународен договор, во кое што еден од договарачите е Република Македонија, ги зацврстува нејзините позиции во докажувањето, односно во разликите околу уставното име на Република Македонија и докажување на нејзината државност, самостојност и сувереност. Во таа насока е и овој договор. Меѓутоа, сакам да укажам на една работа, а тоа е дека Република Македонија, ова е мислам по ред осми договор за социјално осигурување

ако не се лажам од 18-те, колку што бившата СФРЈ ги имаше склучено. Ако ние, нормално, како членки на таа федерација го применувавме во постапката за остварување на правата од социјалното осигурување, по мое длабоко убедување тоа е еден процес кој е доста спор, споро се одвива  и имаме потоа повеќе од 10 години од осамостојувањето на нашата држава, ние сеуште имаме голем број на договори во кои што еден од договарачите е името на една непостоечка држава. За жал, во управната постапка и во постапката на остварувањето на правата на осигурениците од двете земји, се употребува термин сеуште на непостоечка држава, затоа што го немаме заокружено процесот на донесување на конвенциите кои што бившата СФРЈ ги има склучено, а ние сега треба како самостојна и суверена држава да ги донесеме.

Овој процес оди доста споро, јас се разбира немам намера целокупната критика да ја упатам на оваа Влада која што е неколку месеци, меѓутоа зборувам за процесот кој навистина се одвива многу споро. Ради компарација можам да ви кажам дека Хрватска и Словенија не само што го завршија овој процес на донесување на овие конвенции од бившата СФРЈ, туку тие веќе заклучија или се во постапка на склучување на договори со прекуокеанските земји, со Австралија, Канада, Покраината Квебек, Нов Зеланд и т.н. Да ја земеме на пример Австралија, многу поголем е интересот на Република Македонија за склучување на ваков договор со социјалното осигурување, отколку што е тоа на Република Словенија. Но, сакам да кажам дека тие се навистина многу подалеку отидени, иако истото време го имавме на располагање и ние. Причините поради вака спороста во динамиката се повеќекратки, јас во оваа прилика секако не сакам да правам анализа кои се причините, меѓутоа целта ми беше да укажеме на Владата на Република Македонија и посебно Министерството за труд и социјална политика како надлежно Министерство за донесување на овие договори, дека мора да се интензивираат активностите и да се забрза процесот на склучувањето на овие договори за социјано осигурување. Во спротивно, доаѓаме до една апсурдна ситуација, а тоа е во управната постапка и во постапката за правата од социјалното осигурување, сеуште да стои СФР Југославија - име на држава која не постои.

Заради тоа, уште еднаш сакам да апелирам да процесот на заокружување на донесување на овие конвенции да се забрза и се разбира една од договорните страни да биде Република Македонија, а не да стои како е сега СФРЈ сеуште.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Никој повеќе не бара збор?

Го заклучувам претресот.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за ратификација на Договорот помеѓу Република Македонија и Република Бугарија за социјално осигурување.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 75 пратеници, 73 гласале за, 2 воздржано.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратеници, 64 пратеници гласале за и 2 пратеника гласале воздржано.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на закон го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 72 пратеници, 69 пратеници гласале за, 2 пратеника гласале воздржано и 1 пратеник гласал против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Договорот меѓу Република Македонија и Република Бугарија за социјално осигурување.

Минуваме на точка 12 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Белорусија за трговска и економска соработка, со предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на законот.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Белорусија за трговска и економска соработка.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 70 пратеници, 67 пратеници гласале за и 3 пратеници гласале воздржано.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието се согласува со предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

Гласале 65 пратеници, 64 пратеници гласале за и 1 пратеник гласал против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Дали некој бара збор по текстот на законот? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 70 пратеници, 69 за и 1 пратеник гласал воздржано.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Белорусија за трговска и економска соработка.

Минуваме на точка 13 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Конзуларна конвенција меѓу Република Македонија и Руската Федерација, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Конзуларната конвенција меѓу Република Македонија и Руската Федерација.

Ве молам да гласаме.

Гласале 69 пратеници, 66 пратеници гласале за и 3 воздржани.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 69 пратеници, 66 пратеници гласале за и 3 воздржани.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме

Гласале вкупно 69 пратеници, 66 пратеници гласале за и 3 воздржани.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Конзуларната конвенција меѓу Република Македонија и Руската Федерација.

Минуваме на точка 14 - Предлог за донесување на закон за Народниот правобранител.

Предлогот за донесување на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави господинот Исмаил Дарлишта.

ИСМАИЛ ДАРЛИШТА:

Почитуван господине претседателе, почитувани дами и господа пратеници,

Донесувањето на законот за Народниот правобранител е определен од потребата за усогласување на постојниот текст на законот со одредбата на амандманот 11 на Уставот на Република Македонија, кој амандман беше усвоен од страна на Собранието на Република Македонија на 16 ноември 2001 година, а исто така и од исполнувањето на обврските утврдени со Рамковниот договор од Охрид.

Со уставниот амандман е изменета и дополнета положбата и статусот на Народниот правобранител на Република Македонија, а едновремено и унапредена и неговата организациона поставеност и надлежност на Народниот правобранител. Со овој амандман е определено дека Народниот правобранител како орган кој ги штити уставните и законските права на граѓаните кога им се повредени од органите на државната управа и на другите органи и организации што имаат јавни овластувања, истовремено ќе превземат дејствија и за заштита на начелата на недискриминација и правична застапеност на припадниците на заедниците, на органите на државната власт, органите на единиците на локалната самоуправа и во јавните установи и служби.

Исто така, со предложениот текст, односно закон, согласно Рамковниот договор се предвидуваат уште неколку новини и тоа Народниот правобранител за остварувањето на својата функција ќе востанови диспензирани канцеларии надвр од неговото седиште. На Народниот правобранител треба да му се обезбеди можност за превземање на иницијатива за времено одлагање на извршувањето на управниот акт од донесувањето на одлуката од надлежниот орган, односно суд.

Потоа, можност на Народниот правобртанител пред уставниот суд на Република Македонија да покрене иницијатива да оспори закон односно дали истиот е во согласност со Уставот на Република Македонија. За изборот на Народниот правобранител потребно е да има мнозинство со гласови од вкупниот број пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Дозволете ми во оваа прилика да се осврнам и на некои прашања кои се од суштествено значење за зајакнување на положбата и статусот на Народниот правобранител, кои беа тема и на расправата на собраниските седници на комисиите, а воедно позитивно се оценети во експертизите на Советот на Европа.

Имено, во ставот 3 на членот 6 утврден е принципот на пропорционална и соодветна застапеност на замениците на Народниот правобранител при нивниот избор.

Второ, со одредбата на член 10 се предвидува заради нестручно, пристрасно и несовесно вршење на функцијата Народниот правобранител да биде разрешен со 2/3 мнозинство гласови, што значи различно во однос на другите услови за разрешување. Ова решение е од причина да се попречи влијанието на политичкиот фактор во контролата на работата на Народниот правобранител односно истиот да не зависи од моменталниот однос на силите во Парламентот.

Трето, со одредбата на член 15 за употреба на јазикот во постапувањето пред Народниот правобранител, истата е во согласност со амандманот 5 на Уставот на Република Македонија.

Четврто, со одредбата на членот 32 се создава правен основ за непречено следење и заштита на правата на лицата лишени од слобода, при што Народниот правобранител без одобрение истите може да ги посети во местата во кои се задржани, притворени или издржуваат казна затвор.

Ова право на Народниот правобранител е во согласност со сите меѓународни стандарди во однос на заштитата на човековите права.

Петто, со членот 40 се утврдува правото на имунитетот. Точно е дека во Уставот имунитетот не е експлицитно утврден, но не е и забранет. Затоа, се оцени дека е нормално кога за носителите на јавни функции е утврден имунитетот, истиот да го ужива и Народниот правобранител, со оглед на тоа што истиот ја контролира и нивната работа.

На крајот, во однос на бројот на канцелариите на Народниот правобранител надвор од неговото седиште, дозволете ми да истакнам дека при утврдувањето на предлогот се имаше предвид бројот на досегашните постапувања пред Народниот правобранител по претставките и барањата на граѓаните. Меѓутоа, со оглед на тоа дека ова е прва фаза, постои можност по сеопфатна анализа, оваа одредба да се догради.

Ви благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам за воведното излагање на господинот Дарлишта.

Збор има господинот Кондарко.

Ако од пријавените има некои што се известители на матичните комисии, да ми соопштат, затоа што добиваат предимство по Деловникот.

БОРИС КОНДАРКО:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Денес на дневен ред е донесувањетоодносно Предлогот за донесување на закон за Народен правобранител, кој ќе оди во три фази. Во Предлогот на донесување на закон за Народниот правобранител, кој денес го разгледуваме во Парламентот, се наметнува од потребата на усогласувањето на веќе постојниот закон за Народниот правобранител со актуелните измени на Уставот односно

конкретно со амандманот XИ од Уставот на Република Македонија кој предвидува меѓу другото и посебни услови во врска со изборот на Народниот правобранител. Со уставниот амандман, исто така, помеѓу другото се користи можноста да се промени односно со Предлогот на законот врз основа на уставниот амандман да се промени и дел од статусот и ингеренциите на Народниот правобранител односно и во тој дел се интервенира во законот. Пред се, тука се мисли на неговата надлежност и ингеренциите што тој ги превзема при постапувањето по претставките од граѓаните.

Инаку, согласно законот Народниот правобранител и согласно Уставот на Република Македонија е дефиниран како независна самостојна институција која ги штити и се грижи за заштита на човековите права и слободи во случај кога тие се повредени со конкретни акти односно дејствија или евентуално пропуштање од страна на овластени државни органи и институции или други органи и институции кои извршуваат јавни овластувања.

Една од најбитните новини, помеѓу другото, е предвидена и директно превземена од амандманот XИ од Уставот на Република Македонија е и всушност заштитата, односно промоцијата и заштитата на начелото на недискриминацијата и соодветната застапеност на припадниците на заедниците во органите на државната управа, администрација, како и во единиците на локалната самоуправа. Всушност, со воведувањето на овој принцип, а сега директно и во законот за Народниот правобранител кој ќе уследи по неговото донесување, согласно Рамковниот договор се врши и забрзана имплементација на одредбите и од Рамковниот договор, кои подоцна се преточени во Уставот преку уставните амандмани, согласно предвидената динамика.

Понатаму, видно од Предлогот за донесување на закон е дека се предвидуваат во оваа фаза измени во поглед на функцијата и подобрувањето во работата при постапувањето на Народниот правобранител по претставките.

Како прво, што е посебно карактеристично во работата и посебно за овој државен орган, Народниот правобранител може секогаш да се повикува доколку смета дека за заштита на одредени права и слободи на човекот е тоа потребно и на начелото на правичност, што не е случај или не е предвидено кај некои други државни институции или органи, бидејќи ова начело на правичност, сепак, според правните стандарди не претставува и директен извор на правото. Меѓутоа, сепак, во функција на правата на остварување на правата на граѓаните на Народниот правобранител кога ќе оцени, согласно неговите дискрециони овластувања, дека на

тоа може да се повика во конкретните постапки може да примени и една ваква одлука.

Понатаму, Народниот правобранител може една од новините кои ги предвидува овој закон е Народниот правобранител може привремено да одложи од извршување одредени управни акти во управната постапка помеѓу граѓаните и органите на државната управа и тоа се до донесувањето на конечна одлука од надлежен орган. Пред се, тука се мисли на одлука од судки орган и тоа во зависност од стадиумот на постапката пред судот која се води. Исто така, согласно овие измени на законот што се предвидуваат, една од новитетите е и поднесувањето на извештај на Народниот правобранител за неговата работа и постапување до Собранието на Република Македонија, со таа разлика што ова беше и досега, меѓутоа се предвидува во законот тој извештај да биде задолжително разгледуван односно по истиот да се расправа во Собранието, што е секако за поздравуање и придонесува кон подобрување на квалитетот или критички однос кон работата на Народниот правобранител. Исто така, Народниот правобранител е предвидено да може да поднесува од свое име и иницијативи за разгледување на некои општи акти или закони до Уставниот суд, доколку смета во одредени случаи дека истите се во спротивност со Уставот и со постојната законска регулатива.

Меѓутоа, и покрај наведените новини кои се предвидуваат да се имплементираат во овој предлог на закон кога ќе биде донесен, сепак, впечаток е дека во оваа прва фаза, претпоставувам предлагачот, сакајќи да се подобрат што повеќе сегменти од законот, впечаток е дека некои делови или некои решенија не се доволно усогласени со веќе постојните позитивни законски прописи односно постојната регулатива односно други решенија во истиот закон, неопходно е дека истите треба да се подорат низ овие три фази во кои ќе се донесува законот. Затоа, можеби е добро што законот оди во три фази и ќе има доволно време да се реагира и во оваа прва фаза и од самата расправа во Парламентот, меѓутоа, тоа беше укажано и на седниците на соодветните собраниски комисии, пред се, мислам на Комисијата за политички систем и Законодавно-правната комисија.

Сакам да изложам некои од тие конкретни забелешки за кои треба да има подобрувања и кои мислам дека во таа насока треба да бидат сфатени и од оваа расправа. Имено, да започнам од начинот на избор и разрешување кој се предвидува со овој предлог за донесување на закон за Народниот правобранител, сметам дека е несоодветен, односно дека конкретно овдека е предвидено да овој орган се избира во Собранието со еден вид на мнозинство, а истиот да може да се

разреши со сосема друг вид на мнозинство. Имено, изборот да биде со 61 глас просто мнозинство а со 2/3 да биде неговото разрешување. Сепак мислам дека ова не се вклопува во рамките на правните стандарди бидејќи со истото мнозинство со кое се избира еден орган, според нашите уставни принципи истото тоа треба да важи и при неговото евентуално разрешување, односно престанок на мандатот.

При определувањето на општите услови за избор што треба да ги исполнуваат кандидатите за избор на Народен правобранител за извршување на оваа функција меѓу другото не е предвидено и полагање на правосуден испит. Како забелешка, со оглед на функцијата и со оглед на одговорноста и природата на работите и задачите кои ги извршува народниот прввобранител сметаме дека е неопходно да се додаде и правосудниот испит како услов за избор на народен правобранител.

Понатаму, во овој предлог за донесување на закон се предвидува и воведување на имунитет кај народнот правобранител што досега во постојната регулатива не беше случај. Имено, сакам да укажам на едно несовпаѓање во врска со ова решение, бидејќи имунитетот како категорија претставува уставно решение, односно уставна категорија и тој се црпи директно од Уставот за одредени институции и органи. во конкретниов случај во Уставот како за пример може да се наведе дека пратениците, члeновите на Владата итн., членовите на Републичкиот судски совет, јавниот обвинител уживаат имунитет кој е предвиден во Уставот. Меѓутоа, мислам дека ќе се направи правен преседан доколку некое право не е предвидено во Уставот, а секогаш не може да се тргне од принципот се што не е забрането, е дозволено, бидејќи ќе се направат огромни преседани. Во овој случај мислам дека е недопуштено воведувањето на оваа категорија кога тоа не е предвидено во Уставот, туку директно со закон. Значи, мислам дека треба да се размисли во врска со ова и да се направат дополнителни консултации.

Исто така, сметам дека неосновано во одреден дел се доделуваат некои надлежности во работата на народниот правобранител, а пред се тука мислам во поглед на ингеренциите што ги има народнот правобранител при посетата,. остварувањето на средбите и разговорите со оние лица кои се наоѓаат на издржување на законска казна или со притворените, односно задржани лица во казнено поправните институции и во притвор. Ова го кажувам од причини што предлогот за донесување, овој текст нуди едно решение каде што народнот правобранител без претходна согласност, никаква согласност и одобрение на Министерството за правда и другите надлежни органи, судот, односно

обвинителството може според предлогот да врши средби и разговори со оваа категорија на лица. Сметам дека овој предлог исто така е во дисконтинуитет со постојната законска регулатива од кривично правната област, бидејќи постојниот закон за кривичната постапка и Законот за извршување на кривижните санкции предвидуваат сосема друга процедура. Значи, да се има едно претходно одобрување за ваквите активности на народниот правобранител.

Исто така, една од значајните новини и измени е предвидувањето да се отворат дисперзирани канцеларии, административни канцеларии во повеќе градови во РМ на народнот правобранител. Идејата секако е за поздравување и за поддршка, меѓутоа од аспект на желбата за подобрување на ефикасноста и непосредниот пристап до граѓаните кои имаат одредени забелешки. Значи, контакт со народниот правобранител од нивна страна. Меѓутоа, овде треба да се напомене дека предлогот предвидува само вакви канцеларии на ниво за извршување на административни работи што секако не значи и директен ангажман во смисла на постапување на народнот правобранител во овие дисперзирани канцеларии. Сметам дека доколку се пристапи и мислам дека е добра една ваква измена, меѓутоа, кога веќе се прави, треба да се оди и еден чекор и понатаму и можеби треба да се размисли дека ова треба да се прошири во овие канцеларии да има и заменици на народнот правобранител, нешто слично како територијалната поделба, односно принципот на функционирање на обвинителството кои ќе работат со изворни ингеренции и кои ќе имаат директни овластувања да постапуваат по одредени предмети, а не само на административно техничко ниво бидејќи со тоа сметам дека нема да се постигне некој непосреден ефект во забрзувањето на постапките, или ефикасноста на правобранителот, туку напротив ќе се створат дополнителни трошоци кои секако ќе мораат да бидат покриени од буџетот за функционирање на овие административни канцеларии без притоа тие да имаат некој конкретен, освен административно технички карактер во функционирањето на оваа институција.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г-динот Шапуриќ во својство на известител на Комисијата.

По деловникот предимство добиваат предлагачите на законот и известителите на работните тела. По тој редослед г-динот Шапуриќ не е, меѓутоа, известител е на Комисијата за политички систем. По тој основ ви давам збор.

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Почитуван претседателе, почитуван господине министре, почитувани пратеници,

Денешниот закон претставува имплементација на Рамковниот договор, односно после уставните измени имплементација и на амандманот ЏИ на Уставот на Република Македонија. Со законот за народнот правобранител односно како што често пати во светската и европска практика се нарекува омбуцманот, значително се прошируваат компетенциите на оваа значајна институција. Би сакал да кажам дека ставот на Комисиајта за политички систем и односи помеѓу заедниците е дека овој закон кој е мошне значаен треба да оди во три фази во собраниска процедура. И тоа во прва фаза како предлог за донесување на закон, потоа, во фаза на нацрт и на крај во третата фаза како предлог закон се со цел да се овозможи подобрување на квалитетот на законот. И навистина имаме доволно време за тоа, затоа што покрај тоа што законот има доста добри решенија, тој има според мое мислење и одредени празнини, односно не соодветни решенија и навистина има простор за Министерството за правда како изготвувач да го подобри квалитетот на законот. Видовме г-динот министер изрази подготвеност да го надгради законот, односно одредени забелешки да ги вгради во законот. Јас се надевам дека тој тоа ќе го стори веќе во фазата на нацртот.

Почитувани колеги пратеници од 1997 година до денес, значи шест години имаме практично искуство на примена на законот и на работењето на една ваква институција како што е народниот правобранител. Така што можеме веќе да ги согледаме првичните искуства односно позитивните и негативните страни и на нормативните решенија, но и во фактичкото делување. Самиот закон содржи доста добри решенија во смисла на тоа што се избира со квалифицирано мнозинство. Јас потсетувам, овде беше изразено сомневање зошто се избира со мнозинство од 60, со едно квалифицирано, а со уште по остро мнозинство се разрешува, бидејќи тоа е фактички обврската од амандманот ЏИ на Уставот таму е регулиран начинот на изборот. Но, сметам дека остротo квалифицирано мнозинство за разрешување на омбуцманот двотретинско мнозинство фактички го прави отпорен на дневно политички промени. И мислам дека неговиот мандат не се поклопува со мандатот на парламентот. И имаме добра состојба, односно добро решение тој да се разрешува со двотретинско мнозинско, бидејќи на тој начин не може при секој парламентарен состав така едноставно да се разрешува еден значаен институт. Истото важи и за замениците на правобранителот и се разбира и тие ќе бидат отпорни на овие

дневно политички промени. Меѓутоа, сметам дека иако е добро што силно се зголемуваат надлежностите на народнот правобранител, адекватно на тоа треба да се предвидат и прецизни критериуми професионални и стручни на оној што сака да ја обавува оваа така значајна функција. Беше кажано од претходниот дискутант Кондарко дека ние фактички го избираме, а ќе го избираме народнот правобранител ако останат овие решенија без никакви прецизни критериуми. Овде во законот стои девет години работно искуство и некои штури одредби да е истакнат правник без прецизирање во која сфера и како, а не е предвиден ниту за народнот правобранител, ниту за замениците, ниту за подрачните раководители не е предвиден правосудниот испит. Јас ова наполно го поддржувам бидејќи несфатливо е народниот правобранител да нема положен правосуден испит. Но, покрај ова мора да се разработат и многу други критериуми, на пример дополнителни квалификации итн., се со цел да се објактивизира изборот на омбуцманот. Во оваа смисла сметам дека оваа функција би требало да се избира по пат на конкурс. И ако имаме конкурс, ако Собранието го објави конкурсот и ако имаме многу, многу поразработени критериуми, тогаш е многу полесна задача и за избор на соодветно решение. Јас сметам исто така, дека мандатот на омбуцманот е премногу долг. Имено, во законот е предвиден мандат од осум години со право на реизбор уште осум години. Значи, 16 години хипотетичка можност што е навистина долго, бидејќи ако е една иста личност или било да е тој народен правобранител, било негов заменик, би можел да се избирократизира во вршењето на својата функција. И, предлагам мандатот да биде или еднаш, само да има право на избор со осум години или евентуално ако се оди на варијанта да има право по втор пат да биде избран. Тогаш, да се скрати мандатот на шест години, да биде два пати по шест години максимално 12 години, бидејќи во таа смисла можеби е и тоа многу точно, меѓутоа, во секој случај го скратува овој рок и тоа би требало да важи како за правобранителот, така и за замениците.

Инаку, реков дека зголемувањето на ингеренциите го поздравувам,особено во делот на преземањето на дејствијата и мерките на заштита од неоправдано одложување на судските постапки, како и несовесното и недоговорното вршење на работите во судските служби иако почитувани колеги, некои од нив не се сложуваат со тоа. Оваа ингеренција, јас сум убеден во тоа, ова е нова ингеренција на правобранителот, што не значи мешање во независноста на судската власт. Напротив, примена на начелото кое што е компатибилно со Европското законодавство никој во системот да не може да биде без контрола. Така што и

судството, иако е независно треба да има несоодветна контрола поради одредени случаеви,одредени ситуации кога може да интервенира омбуцманот, а тоа е поплаки за бавните и судски постапки. Ако ги погледнеме само решенијата на соодветните закони во скандинавските земји ќе ги видиме ингеренциите на правобранителот, ќе видиме дека има надлежности и во сфера на судството, но и во сфера на одбраната, на безбедноста на земјата и тн.

Исто така, сметам дека е добро решение што претставките со кои се иницира постапката немаа строго пропишана форма, затоа што овие дејствија се ослободени од судски такси и било какви административни такси.Се разбира, при поднесување на претставките пред правобранителот и тоа овозможува олеснување на комуникација на граѓаните со оваа институција и нема некои админисстративни големи бариери.

Но, сметам дека решението во членот 21 каде што е предвидено дека преставката народниот правобранител ќе ја отфрли, доколку е анонимно. Мислам дека ова решение треба да го избегнеме. Се наоѓаме во една таква специфична состојба каде што граѓаните ќе реагираат ако сметаат дека им е повредено некое право пред некој државен орган и праксата покажува дека оној што поднесува преставки честопати може да има репрекусии. Затоа, верувам дека од оправдани причини ќе мораат некогаш граѓаните и анонимно да се обраќаат до народниот правобранител, иако постои законска обврска тој да ги чува одредените податоци. Тоа е добро и тоа решение треба да остане како деловна и професионална тајна по однос на податоците од странките. Меѓутоа, мислам дека анонимната преставка не треба да се отфрли дека тоа треба да остане како такво решение во законот.

Во рамките на зголемувањето на ингеренциите на народниот правобранител е добро што навистина тој има силни ингеренции и може да побара објаснување на информации и докази и заради тоа дури и да влегува во службени простории на органите како и да врши непосреден увид и да повикува на разговор функционер, службено лице итн. Тоа се мошне силни ингеренции, почитувани пратеници, што ќе овозможат ефикасна односно поефикасна контрола на државните органи.

Меѓутоа, мора да потенцирам во оваа фаза, а и ние сите добро да размислиме заедно со Министерството за правда дека зголемувањето на овие ингеренции мора да биде адекватно со зголемување на контролата на самиот народен правобранител. Значи повторно ако сакаме да имаме систем во кој што никој не може да не биде контролиран и самиот тој што ја врши контролата треба да биде контролиран. Кој е тој што треба да го контролира, се разбира, до сите

механизми и сите компаративни прегледи што укажуваат на оној што го избира Собранието. Така што, мора да се предвидат посилни мерки на надзорот на Собранието над работата на правобранителот. Јас реков дека имаме седум годишно искуство, досега во праксата а и понатаму би продолжила ако не смениме нешто во законот. Народниот правобранител еднаш годишно поднесува извештај. Честопати изминатите парламенти дури и не го разгледувале.

Но, еве да тргнеме од претпоставка дека ние овој мандат ќе ги разгледуваме и идните парламенти сите извештаи. Дали е тоа доволно за надзор за неговата работа? Сигурно не. Еднаш годишно да се поднесе извештај со такви силни ингеренции, почитувани колеги, навистина е недоволно Собранието да има увид во работата на омбуцманот кој има огромни ингеренции. Дали е доволно што ќе одржи тој неколку прес конференции и ете ја информирал јавноста? Не. Значи мораме да размислиме заедно со предлагачот да ги поостриме механизмите адекватно на овие зголемувања, на овие негови надлежности, механизмите на контрола, механизмите на Собранието. Јас сметам исто така дека ова го зборуваше малку и Кондарко дека премногу му е дадена слобода во смисла на именување на одредени..., на Генералниот секретар, на пример, во смисла на Деловникот за работа. Во смисла на систематизацијата за работа, јас сум убеден дека некој мора да ја врши таа контрола. И некој мора да му даде согласност за именување на Генералниот секретар, некој мора да му даде согласност за неговите акти, за проширување на систематизации итн., бидејќи во спротивност ќе имаме една експлозија на администрација од една зборуваме ќе кратиме, ќе кратиме администрација, а овдека ако отидат работите вон контрола, а Собранието е за тоа овде одговорно, не може да се вадиме дека Владата или некој друг го направил тоа. Може да се случи една огромна експлозија на администрацијата и затоа сметам дека и во оваа сфера Собранието мора да ги има своите ингереници. Не само именувањето и разрешувањето на Годишниот извештај.

Собранието мора да најде механизми и да ги вгради во законот да има почеста контрола, почести извештаи, контрола и согласност за одредени именувања што ги врши тој како што е генералниот секретар, согласност на Деловникот кој го донесува тој. Бидејјќи, самиот закон ќе биде имплементиран во Деловникот. Собранието никакво влијание нема. И во ред е тој да го донесува. Меѓутоа парламентот треба да даде согласност односно виза за еден така значаен акт. И во таа смисла мислам дека има простор да се подобри овој надзор, имајќи го предвид значењето на оваа функција и имајќи ги предвид огромните ингернеции кои

се, да повторам, компатибилни навистина со европското законодавство и на тој начин имаме еден силен орган кој што ќе може да ја контролира, кој што ќе може да врши пресија над администрацијата да биде поефикасна, но се разбира и тој мора да биде контролиран.

Тоа што беше кажано околу имунитетот, ја с мислам дека имунитетот е уставна категорија и нема многу да зборувам, дека не му е местото во овој закон на имунитетот.

Исто така, на крајот би сакал да кажам дека некои одредби не се во согласност со Законто за работни односи, односно со другите  функции. Имено, предвидено е за сите функционери , по истекот на функцијата, имаат право на апанажа од една година илипак да се врати во рок од 30 дена на работ а каде бил претходно. Мислам дека овде, незнам од каде се овие рокови од 90 дена, па потоа подолг период, па ако е пред пензија дури и две години, а за другите 18 месеци, да се споредат со другите закони, со Законто за работни односи и другите соодветни закони што ги регулираат правата и обврските на функционерите.

Затоа, почитувани пратеници, јас лично и пратеничката група на ЛДП ќе го подржиме овој закон во оваа фаза, но дирекно очекуваме сите заедно и  матичната комисија за политички систем и односи меѓу заедниците и Министерството, но и Парламентот, низ другите комисии, значително да го подобриме текстот на овој закон, бидејки има време, има простор и да размислиме на кој начин ние како Собрание ќе ја земеме контролата над работењето на оваа значајна институција. Во спротивно, самите би се откажале од едно право, односно би имале позиција да избереме еден значаен институт и понатаму да ја прекинеме комуникацијата со него, односно таа комуникација да биде еднаш годишно, преку некој извештај, што се покажа како недоволна за овој институт. Сакате за Народна банка, сакате за било кој друг институт таа комуникација на релацијата на извршната власт, Владата со другите органи што ги избира Собранието е доста прекината.

На крајот, сакам да кажам дека условите навистина треба да се разработат и да се види Скандинавскиот модел. Да се разработи кои квалификации, бидјеки доста штури одредби се, 9 години искуство ако правник, не се прецизни, да се прецизира кои се квалификации , а задолжително и правосуден испит, кој е бегграундот на кандидатите и мислам дека навистина ако работиме во таа смисла, можеме значително да го подобриме текстот на еден така важен закон. Благодарам.

ЛИЛЈАН АПОПОВСКА:

Му благодарам на господинот Шапуриќ.

Збор има госпоѓа Цветанка Иванова како известител од Законодавно-правна комисија .

ЦВЕТАНКА ИВАНОВА:

Не се јавувам како известител, туку како пратеник.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Тогаш се извинувам, ќе одам по пријавениот редослед.

Збор има господинот Каме Петров.

КАМЕ ПЕТРОВ:

Почитувана госпоѓо потпретседател, почитуван господине министре, колеги пратеници,

Според актуелните информации што овде ги слушаме, очигледно дека Законот за народниот правобранител ќе оди, условно кажано во три фази, што според мене е особено добро од две причинит:

Во текстот на законот ќе биде сондирано мислењето на пошироката јавност, а особено мислењето на интелектуалните и  таканаречени еснавски структури во нашата држава:

Второ, донесување на овој закон е една од нашите обврски како држава кон Европската унија, па тој треба да биде обликвуан според највисоките  европски стандарди.

Затоа, во оваа фаза, ако сакаме да бидеме доследни на утврдената уставна и деловничка процедура, не би се впуштил во коментирање на одредени предложени одредби. Во делот на расправата за донесување на законот би упатил на една генерална забелешка и би истакнал некој општи начела врз кои мислам дека треба да почива овој закон, а кој се надевам ќе бидат земени во предвид во постапката на доработката на текстот на самиот закон.

Тоа што во оваа можност треба да се каже е дека народнито правобранител треба да се занимава со поднесоци, односно претставки на граѓаните заради незадоволителен квалитет на администрацијат аи на институциите на системот. Особено во случаи кога не се постапува навреме на барање на странкит еодносно на граѓаните, ког атоа се прави на погрешен или незаконит начин, а особено во

услвои на одбивање на информриање на странката, на дискриминација на правата на странката или злоупотреба на функциајта.

Врз основ ана вака назначените овластувања, без тенденција да навлегувам во одредени одредби како што тоа го сторија некои од моите колеги, во оваа фаза на донесување на законот би ја изнел мојата генерална забелешка, а тоа е дека во текстот на понудените решенија мислам дека се предлага поголема концентрација на моќ на народниот правобранител. Мислам дека поголема концентрација на моќ од другит еинституции на системот, поголема и од органите на прогон и истражните органи. Бидејки овој закон е во функција на приспособување на нашето со европското законодавство, мислам дека се доста интересни Шветските примери каде што 200 години постои народен правобранител, условно кажано, како и работата на европскито наречен правобранител.

Затоа, основните начела или, ако сакате принципи на функционирањето, според мене треба да бидат :

-заштита на основните права на граѓаните, не и слободите како што стои во текстот,

-обезбедување на основно право на добра администрација,

-обезбедување на отворена и одговорна администрација,

-поголем пристап до документите,

-поотворени процедури при вработувањето,

-подобрувањето на услугит ена институциите,

-почитување на договорните обврски што ги презела државата односно институциите, се мисли на должничко-доверителските и други односи,

-заштита на вработените во админситрацијата,

-отворена соработка со институциите, комуникација со граѓаните и т.н.

Мислам дека врз основа на овие начела треба да биде заснован на работата на правобранителот, односно во таа насока треба да се дообликуваат одредбите на самиот закон. Ваквите начела и ориентации целосно се комплементарни со европското право и за тоа во следните расправи мислам дека ќе добиеме уште по квалитетен текст на законот.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодариме.

Збор има господинот Аднан Ќахил.

АДНАН ЌАХИЛ:

Почитувана потпретседателке, почитуван господине министре, почитувани пратеници,

Донесувањето на овој закон за народен правобранител едновремено претставува операционализација на амандманот 11 на Уставот на Република Македонија и имплементација на Рамковниот договор. Имено, со споменатите документи значително е изменета положбата, организационата поставеност и унапредена е надлежноста на народниот правобранител во правниот систем на Република Македонија , со нагласен аулога на заштитата на слободит еи правата на граѓаните пред органите на државната власт, единиците на локалната самоуправа, јавните установи и служби. Предложенито закон е систематизиран во 8 глави со 56 членови. Ќе се обидам во неколку глави и членови да дадам некои мои видувања вов рска со Предлог законот за анроден правобранител.

Во првата глава, во основните одредби, член 1 до 4, се утврдува надлежноста на народнито правобранител, неговата самостојна и независна положба во правниот систем и го определува неговото седиште, на кои се истакнати грбот и името на Република Македонија . Во оваа глава посебно значајна е одредбата на членот 2, според кој народнито правобранител, како орган на Република Македонија ги штити уставните и законските права на граѓаните кога истите се повредени со акти на органите на државата , државнат ауправа и други органи и организации. Истовремено, презема дејствија и мерки за заштит ана начелото на недискриминација и соодветна правична застапеност на припадниците на заедниците во органите на државната, на органите на единиците на локалната самоуправа.

Од овде се наметнува прашањето за тоа дали Рамковнито договор, амандманот 11 може да се преслика на територија на целата држава? Дали со овие Предлог измени не се повредува начелото на недискриминација и соодветна правична застапеност на припадниците на заедниците кои не се мнозинство на територијата на единицата на локалната самоуправа? Познато е дека се бара процент од 20%.

Во глава 2, член 5 до 11, ги пропишува условите за избор и разрешување на народнито правобранител. Имено, согласно на уставната измена народниот правобранител се избир аир азрешува од Собранието на Република Македонија со мнозинство на гласови од вкупниот број на пратеници, кои припаѓаат на заедници

кои не се мнозинство во Република Македонија . Иста е постапакта за избор и разрешување на замениците на народнито правобранител. Кандидатот за народен правобранител потребно е да биде дипломиран правник, со раотно искуство над 9 години, а неговиот заменик да има над 7 години работно искуство во областа на заштитата на правата на граѓаните.

Покрај одредбата од постојниот Закон, на свечена изјава во Собранието на Република Македонија , во оваа глава е утврдено дека функцијата народен правобранител е неспоива со вршење на друга јавна функција или професија или со членвуање во политичка партија.

Во условите за разрешување, покрај условите внесени во постојниот Закон, внесени се две новини: поради исполнување на услови на старосна пензија, а доколку се разрешув апоради нестручност, пристрасно и несовесно вршење на функцијата, се предлага за таквата одлука да има квалификувано мнозинство од две третини на вкупниот број пратеници. Тука се јавува нова дилема, зошто народнито правобранител се избира со 61 глас, а се разрешува со квалификувано мнозинство од две третини од вкупниот број на пратениците?

Во третата глава, членовите од 12 до 37, ги опфаќа надлежностите, и тоа не би сакал да го дискутирам, е во врска со процентот на учеството на заедниците.

Она што е битно во глава 4, членови од 38 до 39, се утврдува обврската на народнито правобранител за доставување на годишен извештај до Собранието на Република Македонија . Исто и негово објавување во средствата за јавно информирање. Исто така, народнито правобранител може да подготвува посебни извештаи, соопштенија и други распределени дејствија и мерки. Исто така, се наметнува прашањето за содржинската форма на извештајот што ќе биде поднесен до Собранието на Република Македонија ? Дали со тоа не се повредува приватноста на поединците кои за повреда на некое свое право му се обратиле на народниот правобранител? Очигледно дека тоа не е земено предвид и дека луѓето во тој случај, точно е дали ќе се обраќаат до народниот правобранител?

Глава 6, членовите од 46 до 50. Во овој дел од Предлогот на законот се воспоставуваат организациони единици надвор од седиштето на народнито правобранител, што би претставувале дисперзирани канцеларии што Валдата на Република Македонија го воведе како одредба определена со Рамковниот договор. Имено, со ова се предлага народнито правобранител да има канцеларии во Тетово, Кичево, Струга, Куманово,Штип, Битола и Струмица. Генералниот секретар на

народниот правобранител се избира од редот на раководните државни службеници, согласно стандардот утврден во Законто за државни службеници.

Финансиската самостојност е мошне значајна за успешно остварување на функцијата, а сепак неговито буџет е дел од државнито буџет. Се анметнува, исто така, прашањето дали правилно се имплементира Рамковниот договор, во кое не постои одредба за изрично формирање на дисперзирани канцеларии, како наведува Владата со Прелдогот на законот. Се поставува прашањето за успешно и непристрасно извршување на функцијата народен правобранител, доколку тој нема финансиска самостојност, доколку неговото функционирање е детерминирано од финансиите произлезени од  државнито буџет? Тоа е мошне дискутабилно и треба да се обрне внимание на тоа.

Има и други делови од овој закон што се  дискутабилни. Но, за нив треба да се дискутира во другите фази. А, на крајто сакам да се навратам на делот каде што при донесувањето на законот е тргнато од одредбите во амандманот 11.

Но, она што сакам да кажам е дек анароднито правобранител треба да отсликува една јавност, јавна работа, да биде многу пошироко од уставнит еодредби што ги има и Рамковниот договор. Според тоа, овде што се става граница до 20%, ако не зборуваат тој јазик, на ниво на Република Македонија , а тоа се отсликува и во локалната самоуправа, нема право да го користат својот јазик за давање на тужби, жалби и т.н. Само би навел еден пример, во Источна Македонија има луѓ+е кои се од турската заедница. За другите заедници не би сакал да зборувам. Таму им е поедноставно да се изразуваат на турски јазик и неговото писмо, не поради тоа што тие сакаат, туку едноставно можат да го опишат тоа многу поедноставо и поаналитично. Недавањето можност со овој закон тоа да го нарпават, мислам дека ги става другите заедници во подреден аположба, да не кажам во дискриминирана положба. Ќе се сетите дека во модера Европа, со која што милуваме да се споредуваме, кон која се стремиме да бидеме, секогаш кога треба во судските инстанци, а тука вклучете го и народниот правобранител, да се обратат некои луѓе од разни заедници, се дава можност да тие можат да се обратат на својот јазик, писмено или усмено, се обезбедува толкувач на тој јазик, а додека со овие законски решенија тоа им се ускратува на некои заедници.

Во Предлогот на закон за народнито правобранител, треба да се надмине оваа работа да се дозволи и на другите заедници кои не се во процент до 20%, да можат во своите претставки да го користат својот јазик и своето писмо. Не поради тоа што би требало така да биде, туку едноставно тоа произлегува од потребите, од

секојдневниието и на тој начин ќе се даде можност да се сочуваат правата на граѓанит ена поединците, а вклучително во тој момент и на заедниците. Недавањето ширина во овој закон во таа насока, мислам дека е голем недостаток. Дефинитивно, еднострано толкување и имплементирање на рамковниот договор и во овој случај, дефинитивно ги става другите заедници, ќе кажам исклучиво за турската заедница во категорија на луѓе од трета, четврта и н-категорија. Мислам дека тоа не е дозволиво во едно демократско општество конкакво што се стремиме во Република Македонија .

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Збор има госпоѓа Цветанка Иванова.

ЦВЕТАНКА ИВАНОВА:

Почитувана госпоѓо потпретседателке, почитуван господине министре, почитувани колеги пратеници,

Се одлучив да земам збор во својство на пратеник бидејки како известител на Законодавно-правна комисија сметам дека не е потребно од причини што извештајот, со забелешките и мислењата од Законодавно-правна комисија ви се доставени.

Денеска, пред нас, на оваа седница е Прелдогот за донесување на закон за народниот правобранител. Имајки ја предвид материјата и односите што се регулираат со овој закон и начинот на кој што се предлага уредувањето, добро е што овој закон го донесуваме во три фази , како ќе одлучиме, затоа што само на таков начин за една ваква сериозна материја можеме да ги дадеме своите мислења, предлози и забелешки со кои што сметам дека ќе ај подобриме содржината, а со тоа и текстот на законот.

Институцијата народен правобранител влече корени уште од многу порано, како чувар на граѓанските права. Така, уште во стара Кина постоеле мандарини, во стара Атина ефорите, во Рим плебејските трибуни и сите тие биле очи и уши на императорот, со цел да го известуваат како работат чиновниците и како се остваруваат правата на граѓаните. За прв пат, како уставна категорија народниот правобранител - омбуцманот , е воведен во Шветска во 1809 година. Во нашиот правен систем народнитоправобранител е доста млада институција и за прв пат е

воведен со Уставот на Република Македонија од 1991 година, а со Законто за анроднито правобранител од 1997 година, поконкретно е разработена материјата што се однесува на услвоите за избор и разрешување на народенправобранител, надлежноста и начинот на работ ана народнитоправобранител.

Работата пак, од своја надлежност народнитоправобранител отпочнува да ја врши малку подоцна од 1.07.1997 година односно од 1.03.1998 година кога се избрани замениците на народнито правобранител.

Според Уставот на Република Македонија од 1991 година и Законто за народнито правобранител, народниот правобранител е независен и самостоен орган на Република Македонија , избран од Собранието и народнито правобранител ги штити уставнит еи законски права на граѓаните што се повредени од органите на државната управа иод други органи и организации што имаат јавни овластувања. Во изминатиот петогодишен период сметам дека народниот правобранител со успех ги обавуваше работите од својата надлежност. Со уставнит еамандмани од 2001 година, поточно со амандманот 11 со кој се измени и дополни член 77 од Уставот, значитено се измени положбата, организациона поставеност, начинот на избор на народен правобранител и се прошири надлежноста на народнито правобранител.

Според точка ж) од уставниот амандман 11 со кој се заменув астав 1 од членот 77 се менува начинот на избор на народнито правобранител. Повторно Собранието останува како надлежен орган за избор на народниот правобранител, но сега мнозинството се менува. Така што народнито правобранител се избира со мнозинство од вкупен број на пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од вкупниот број пратеници кои припаѓаат на заедницата, кои не се мнозинство во Република Македонија . На ист начин ќе се избираат и замениците на народниот правобранител.

Со точката 2 од амандманот ЏИ со кој се дополнува став 2 на член 77 се проширува надлежноста на Народниот правобранител, при што Народниот правобранител покрај тоа што ги штити уставните и законските права на граѓаните повредени од органите на државната управа, и од други органи и организации што имаат јавни овластувања, сега Народниот правобранител треба да посветува и особено внимание на заштитата на начелата на недискриминација соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците во органите на државната власт, органите на единиците на локалната самоуправа и во јавните установи и служби.

Напред споменатите уставни измени ја наложија потребата денеска да имаме Предлог за донесување на закон за Народен правобранител. Ова всушност претставува опструкционализација на амандман ЏИ од Уставот на Република Македонија и затоа овој закон односно овој Предлог за донесување на закон треба да го поддржиме.

Во оваа фаза на донесување на законите треба да ги искажеме и своите забелешки и мислења на содржината на законот иако воглавно сметам дека содржината на предлогот е добар, но сепак добрите решенија нема да ги коментирам, ќе ги искажам само моите скромни забелешки во поглед на содржината на законот.

Сметам дека има терминолошка неусогласеност на одредбите на одредени членови со одредбата на амандманот ЏИ точка 2 на Уставот на Република Македонија со кој се дополнува став 2 од член 77. Оваа терминолошка неусогласеност веднаш можеме да ја видиме уште во членот 2 од Предлогот за донесување на закон и во повеќе други членови, како што се член 22, член 6, член 24 и многу други.

Со член 6 од Предлогот за донесување на законот покрај предложените услови за избор на Народниот правобранител како посебен услов, се согласувам со претходните забелешки на сите дискутанти дека треба како посебен услов за избор на Народен правобранител да се предвиди “положен правосуден испит” бидејќи имаме една сериозна категорија односно сериозен делокруг на работа на Народниот правобранител, да ги штити уставните и законските права на граѓаните. Тука сметам дека неизоставно во текстот на Предлогот на законот оваа забелешка треба да се прифати, бидејќи е изнесена од повеќе мои колеги.

Во член 9 и 10 се утврдени условите за разрешување на Народниот правобранител. Сметам за непотребно од другите услови по посебна одредба да се издвојува условот - разрешување на Народниот правобранител заради нестртучно, непристрасно и несоодветно вршење на функцијата Народен правобранител, при што дури се предвидува и поинакво мнозинство од другите услови за разрешување. Тоа е 2/3 мнозинство. Сметам дека една ваква одредба е недопуслива бидејќи основно правило е дека начинот на избор и разрешување, тоа е правно правило, треба да биде еднаков односно на ист начин и во иста постапка, а особено ако се има во предвид член 5 став 1 каде што е утврдено мнозинството со кое се врши изборот и разрешување на Народниот правобранител.

Во член 13 треба да се допрецизира одредбата заради отстранување на можноста од мешање во независноста на судската власт. Треба точно, оваа одредба да е точна и прецизна за да не дојдеме до различни толкувања на оваа одредба во конкретни ситуации и да се најдеме во состојба во мешање на независноста на судската власт.

Во член 26 се дава можност Народниот правобранител во случај на попречување во работата од страна на државната управа и другите јавни служби, да доставува извештај и да го доставува до Владата, односно до Собранието. Сметам дека оваа одредба е ирационална, бидејќи во пракса ова може да стане и постојано, така да можеме да се доведеме во состојба Собранието да го претвориме во второстепен орган на Народниот правобранител и постојано да заседаваме го донесеме во состојби постојано и да дебатираме по извештаите на Народниот правобранител.

Во член 30 и 32 се дава можност Народниот правобранител да ги следи состојбите на почитувањето и заштитата на слободите и правата на задржаните, притворените и лицата кои издржуваат казна во затвор или воспитно поправните домови и се врши посета во овие установи без посебна најава.

Таа одредба посебно сметам дека би требало да се преиспита од причини што сметам дека имаме посебен Закон за извршување на кривичните санкции и вака како што е срочена оваа одредба би била во директна спротивност и колизија со Законот за извршување на кривичните санкции.

Посебна забелешка имам на член 40 став 1, на кој член имаше забелешка и колегата Кондарко. Со член 40 став 1 се предвидува Народниот правобранител и неговите заменици да уживаат имунитет. Со Уставот точно е предвидено кој избрани и именувани лица уживаат имунитет при што во делокругот кој се однесува на Народниот правобранител ваква одредба не е предвидена и сметам дека предвидувањето на уживање на право на имунитет во посебниот Закон за Народниот правобранител би била во спротивност со уставните одредби.

Во член 77 е предвидено за работите од надлежност на Народниот правобранител да се организираат дисперзирани канцеларии. Ова решение е многу позитивно и сметам дека сите дискутанти досега Што се јавија за збор го поддржаа, но мое мислење е дека во дисперзираните канцеларии потребно е работите од надлежност на Народниот правобранител да ги извршува заменик на Народниот правобранител бидејќи вака како што се предвидени со Предлогот за донесување на закон тие канцеларии би претставувале само административни канцеларии и нема

да има некоја ефективност од нивното постоење, бидејќи би се претвориле само како доставувачи на претставки и поплаки до Народниот правобранител.

На крајот сакам да истакнам дека напред предложените решенија, особено оние кои што се однесуваат на можноста на Народниот правобранител да ги следи состојбите на заштита на уставните и законските права на лицата лишени од слобода и оние кои што се наоѓаат во казнено поправните и воспитните домови, како и одредбата со која се одредува право на имунитет можеби навистина се изразито демократски и практични решенија, но сметам дека вакви одредби доколку треба да бидат содржани во предлогот ќе иницираат промена на Уставот и промена на одредени позитивни законски прописи.

Сосема на крајот уште еднаш да кажам дека овој Предлог за донесување на закон јас ќе го поддржам и сметам дека дел од моите скромни забелешки и сугестии ќе бидат вградени во Предлогот на законот за Народниот правобранител.

Ви благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За збор е пријавен г. Зоран Шапуриќ но моментално не е во салата, а следен е господинот Орданчо Тасев.

ОРДАНЧО ТАСЕВ:

Почитуван потпретседател, почитувани колеги пратеници, почитуван министер,

Врз основа на овластувањата од членот 91 алинеа 2 од Уставот на Република Македонија, како и согласно членот 133 став 1 и 2 и член 138 став 1 од Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија поднесе Предлог за донесување на Закон за Народен правобранител, во негова нова работна верзија со предлог истиот да биде разгледан од пратениците на Собранието на Република Македонија.

Притоа во образложението за донесувањето на законот на Народниот правобранител се наведени основните причини заради кои всушност и се донесува овој закон во една нова верзија т.е. со една сосема нова физиономија од веќе постојниот кој што е донесен 1997 година и кој е во функција до денес.

Притоа како една од најосновните, најестекцијалните причини за донесување на новата верзија на законот за Народниот правобранител е речено

дека тоа е потребно за усогласување на постојниот закон со одредбите од амандманот ЏИ на Уставот на Република Македонија, а кој е усвоен во Собранието на Република Македонија на 16.11.2001 година, како и заради исполнувањето на обврските што се утврдени со Рамковниот договор.

Овде сакам да потенцирам дека не се согласувам со ваквата формулација - имплементација на Охридскиот Рамковен договор затоа што се она што беше договорено во Охрид е преточено во форма на амандмани и истите се вградени во Уставот на Република Македонија, а тоа значи дека употребата на ваквата формулација “Охридски Рамковен договор” едноставно е беспредметна.

Исто така како причина за донесување на овој закон е и потребата од додефинирањето и допрецизирањето на некои одредби од веќе постојниот закон, а кои веќе не се функционални и се спротивни на Уставот и на другите законски прописи. Едноставно според видувањата не коренсподира со ново настанатите услови како резултат на амандманот ЏИ во остварувањето и заштитата на правата и слободите на граѓаните на Република Македонија. Знам, со новиот закон едноставно се настојува усвоените решенија во Охридскиот Рамковен договор да бидат ставени во една правна рамка т.е. во форма на правна регулација и да се регулираат ново настанатите состојби, состојби кои што беа наметнати или изнудени со, условно кажано со, војната за човекови права.

Можам да кажам дека со уставните амандмани на некој начин е изменета положбата и статусот на Народниот правобранител на Република Македонија така што е присутна сега една нова организациона поставеност и надлежност на Народниот правобранител во Република Македонија.

Предвидено е Народниот правобранител да превзема дејствија за заштита на начелото на недискриминација и правична застапеност на припадниците на заедниците во органите на државната власт, во органите на локалната самоуправа и во јавните установи и служби.

За остварувањето на своите функции на целата територија на Република Македонија се востановуваат дисперзирани канцеларии надвор од седиштето на Народниот правобранител. Исто така дадена е можност на Народниот правобранител да интервенира за одлагањето за извршувањето на одредени управни акти донесени од надлежни органи и од судовите. Дури е дадена и можност пред Уставниот суд на Република Македонија да се оспоруваат определени закони т.е. да се бара оценка на нивната уставност.

Секако како посебна придобивка на Охридскиот Рамковен договор, тоа е амандманот ЏИ од Уставот на Република Македонија е начинот на изборот на Народниот правобранител каде што се бара мнозинство на гласови од вкупниот број на пратеници при што мора да има мнозинство на гласови од вкупнот број на пратениците кои припаѓаат на заедниците кои што не се мнозинство во Република Македонија.

Вака поставениот концепт на Предлогото на законот за Народниот правобранител секако дека има определени позитивни прогресивни решенија кои што значат унапредување на заштитата на правата и слободите на граѓаните пред органите на државната власт, пред единиците на локалната самоуправа и јавните установи и служби, но од анализата на текстот на Предлогот на законот се наметнуваат и повеќе дилеми.

Членот 5 од Законот за Народниот правобранител во ставот 1 кажува дека Собранието на Република Македонија го избира Народниот правобранител на предлог на надлежната Комисија на Собранието на Република Македонија.

Во ставот 2 од овој член има една непрецизна формулација според мене која вели дека Народниот правобранител има еден или повеќе заменици и дека нивниот број го определува Собранието на предлог од Народниот правобранител.

Сметам дека тоа не треба да биде дискреционо право како на Собранието, а најмалку тоа да зависи од волјата на самиот Народен правобранител.

Бројот на замениците, т.е. точниот број на замениците треба да биде определен со законот како би се избегнала можноста од самоволието на Народниот правобранител. Значи, предлагачот, во овој случај Владата ќе треба врз основа на досегашните искуства и сознанија од функционирањето на Народниот правобранител да знае и точно да го определи бројот на замениците и тој број да го внесе во новиот закон како посебно решение.

Во членот 6 се регулираат условите кој може да биде избран за Народен правобранител. Имено, во ставот 1 е кажано дека покрај општите услови за заснивање на работен однос да е дипломиран правник и со работно искуство од над 9 години на правни работи и чија активност, така е тоа формулирано, е докажана во областа на заштитата на правата на граѓаните, како и да ужива углед во вршењето на функциите на Народниот правобранител. Повторно според мене една голема непрецизност и непрецизна регулатива од страна на предлагачот, затоа што во правото едноставно не постои таква специјализирана област и голема дилема е која

е таа активност во која треба кандидатите да се активираат посебно и да се докажуваат во областа на заштитата на правата на граѓаните.

Исто така се вели дека за Народен правобранител може да се избере лице кое ужива углед во вршењето на функцијата Народен правобранител.

Сметам дека тоа е еден релативен поим, поимот "углед" затоа што за некои кандидатот е угледен за некој друг е неугледен и што е најважно не е кажано дали има посебно тело или посебна комисија која на еден начин ќе ги рангира предложените кандидати и кои се основните критериуми за нивниот избор.

Во членот 8 се регулира дека Народниот правобранител не може да врши друга јавна функција и друга професија и не може да биде член на политичка партија.

Сметам дека членот 8 од овој закон е спротивен на одредбите од член 20 од Уставот на Република Македонија за правото и слободата на здружување на граѓаните во политички партии. Имено, јас лично не гледам пречка доколку кандидатот за Народен правобранител е член на легално регистрирана политичка партија да биде избран и да ја обавува функцијата Народен правобранител. Неговата политичка припадност едноставно не го спречува да ги спроведува одредбите на законот за Народен правобранител. Неговите основни задолженија се да ги обавува функциите согласно цитираниот закон, а неговата политичка припадност или неговата определба за определена политичка програма едностано е негово индивидуално право.

ОРДАНЧО ТАСЕВ: (Продолжение)

Во членот 9 се наведени причините поради кои Народниот правобраанител се разрешува. Тоа се по негово барање, по точка 2 беше ако е осуден на казна затвор од најмалку 6 месеци, поради губење на правна и деловна способност. Четврто ако ги има исполнето условите за старосна пензија додека има посебно во членот 10 е наведена посебна причина за разрешување на Народниот правобранител, а тоа е нестручно и несовесно вршење на функцијата од страна на Народниот правобранител.

Меѓутоа, а нерегулирано едноставно во самата одредба не е кажано кој ќе ја утврдува нестручноста и несовесноста, т.е. на чиј предлог од овие причини народниот правобранител ќе биде разрешен од страна на Собранието на Република Македонија. Значи предлагачот во овој дел едноставно ќе мора да го прецизира Предлог-законот како не би имало една правна празнина и како оваа одредба би можела да биде спроведлива.

Во членот 13, Народниот правобранител е предвидено да превзема мерки и дејствија за заштита од неоправдано одолговлечување на судски постапки и од несовесно и неодговорно вршење на работите од страна на судските служби. И овдека сметам дека нема дефинирано, едноставно кои се тие мерки и кои се тие дејствија кои може Народниот праовобранител да ги превземе заради непревземањето на дејствијата од членот 13 на овој закон.

Во врска со членот 15, т.е. околу прашењето за јазикот на кој ќе се води постапката пред Народниот правобранител, сметам дека ставот 1 е сосема во ред, додека за примената на ставот 2, т.е. дека постапката може да се води и на друг јазик, што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните, сметам дека овој предлог треба да се повлече и да ги почекаме резултатите од извршениот попис на населението, па доколку има такви граѓани со толкав процент, тие едноставно да можат, тогаш ќе можат таа одредба од ставот 2 на членот 15 од Законот да се применува и да стане едноставно функционална.

Исто така, имам забелешки на понуденото решение во членот 19 каде за Народниот правобранител стои обврската за почитувањето на приватноста и тајноста на податоците, кои се однесуваат на подносителите на претставката. Нејасно е зошто тајност кога се работи за повреда на некакви права или слободи на граѓани, а кои што се сторени од органите на државната управа или од јавни организации и установи. Значи повреда има, повредата е сторена од јавни органи и организации, така што едноставно се губи смислата на должноста на приватност и тајност која што би требало да се чува пред Народниот правобранител.

И конечно, во членот 47 од Законот за Народниот правобранител, е предвидено дека заради извршувањето на работите од надлежност на Народниот правобранител се организираат канцелари како подрачни единици или подрачни организациони единици. Притоа, наредени се и градовите кои што има, односно се отвораат такви канцеларии, тоа се Тетово, Кичево, Струга, Куманово, Штип, Битола и Струмица. Сакам да укажам дека во регионот некаде од Велес па до Гевгелија, значи во средишниот дел не е предвидена можноста за отворање на ваква канцеларија, па предлагам предлагачот на законот да го има во предвид и Кавадарци, кој е некаде на средината помеѓу Велес и Гевгелија.

Значи, тоа се вака, главно, забелешките на овој Предлог-закон за Народниот правобранител во кој што реков, имаат доста квалитети и прогресивни решенија кои на некој начин значат унапредување во процесот на заштита на правата и слободите на граѓаните на Република Македонија. а едновремено и негово

приближување и компатибилност со сличните закони од развиените западно-европски држави. Но, тоа не значи дека овој цитираниот закон е идеален и јас се надевам дека ќе бидат прифатени моите забелешки и сугестии како и сугестиите од страна на колегите пратеници, доколку тие едноставно значат подобрување на квалитетот на овој закон.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам на господинот Тасев.

Предлагам денеска тука да завршиме со работа. Има уште дискутанти пријавени, па ќе продполжиме утре во 10,00 часот. Утре како што соопштив ќе работиме до 16,00 наместо до 17,00 часот, пошто има други обврски.

Ги молам координаторите на пратеничките групи само за една минута консултација да извршиме, да дојдат. Инаку седницата ја затвораме.

(Седницата прекина со работа во 17,05 часот).